СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27-V. 1993 год.**

Дискутанти ;

1. АНДОВ СТОЈАН - 1
2. АЛИУ ХАМИД - 75
3. АНДОНОВ ТИМЕ - 87, 90
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 19
5. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 34, 42
6. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО - 29, 32, 33
7. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 48, 51.
8. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 77, 82
9. ЈСВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 85
10. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 54
11. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 84
12. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 2, 3(Експозе од министерот на Владата по Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал)
13. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 57, 60
14. НАСЕВ ПАНЧЕ - 75
15. НИКПЛОВСКИ ДУШАН - 91
16. ПРЕВАЛА ШАБАН - 25
17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ -12, 14
18. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 46
19. ЏАФЕРОВСКЕ АЛИЛ - 64

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ**

Продолжуваме со работа

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Зоран . Крстевски, Наум Симјановски, Иван Иванов ме известија дека од оправдани .причини не се^ во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансираше и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за општествен надзор и претставки, ЗПК и Комисијата за здравство , Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Го молам министерот Јане Миљовски да даде мислење.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ**. (Прилог)

Јас молам,ако службите се готови, ние малку доцна го подготвивме експозето, да биде што е можно побргу поделено на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа се множи, ќе биде поделено, а сега повелете зборувајте.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (прилог)

**ИЗЛАГАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ Д-Р ЈАНЕ МИЉОВСКИ ПО ПОВОД РАСПРАВАТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ**

Почитувани пратеници, дами и господа

Драго ми е што по толку време, работа расправи, дискусии, по толку написи, сепак дочекавме овој закон да дојде на дневен ред за усвојување. Радоста што конечно расправаме за ОВОЈ закон е поматено со сознанијата дека по мноштвото амандмани кои ги гледам пред нас, веќе не сум сигурен дека навистина ќе можеме оваа расправа да ја завршиме во едно радосно расположение, со сознание дека законски сме и дале подлога и правец на најважната реформа која треба да се одигра во земјава. Јас можам да кажам дека од своја страна направив се што можев да ви понудам квалитетен текст, квалитетен правец на приватизација, тоа да го направам во соработка со низа истакнати стручњаци. Исто така се обидов и на крајот сепак до онаа мера во која тоа е можно, да постигнеме некој консензус во Републиката за да се усвои законот. При тоа, усвојувањето требаше да биде на начин кој што нема да ги доведе во прашање основните поставки на законот, на начин кој што нема да го доведе во прашање правецот на реформата кој беше зацртан уште со првиот текст на законот и за кој Ова Собрание ми даде поддршка и задача да продолжам да го развивам. Колку сме успеале во постигање на тој консензус на многу очигледен начин ќе да видиме на оваа седница.

На почетокот сакам повторно да ги споменам основните цели и поставки на овој закон. Тоа е потребно за да биде сосема јасно за што се залага предлагачот и зошто во врска со прашања ставот на Владата е "нееластични". Целта ми е да покажам дека во инсистирањето на предложениот концепт нема ниту нееластичност, ниту тврдоглавост, ниту пак, како еден пратеник што ми рече, "авторска нарцисоидност". Напротив, сакам да покажам дека со овој закон мора да се постигнат многу важни цели и дека токму скрупулозното придржување кон поставените цели, постојаната загриженост за тоа што ќе постигнеме со законот, дали ќе успееме Македонија да ја одлепиме од мaѓепсаниот круг на сиромаштијата е единственото нешто што и мене и Владата на прави непопуствили кон некои прашања и непопустливи за некои амандмани и покрај тоа што не се сомневаме во искрените намери на предлагачите.

Кога се донесе одлука да се прави сопствен закон за приватизација, Македонски закон за приватизација, основното што си го поставивме беше дека со законот треба да се постигнат пред се развојни цели, кои, кога ќе се остварат, треба .ш сите граѓани на оваа република да им овозможат да живеат побогато и подобро од досега. Анализата покажа дека сите приватизации кои се правени во другите земји, имале многу поограничени цели, многу биле понејасни околу тоа како приватизацијата ќе се одрази врз развојот и врз стандардот, врз вработеноста. Тие програми сметаа дека е доволно стопанството да се приватизира а са друго ќе дојде само од себе. Ние имавме поинакво мислење. Знаевме дека приватизацијата ќе предизвика позитивни промени и дека на крајот ќе донесе и напредок. Но, сосема бевме свесни за тоа колку е тоа болен процес, колку долго трае, колку кризи ќе треба да се пребродат пред да

се дојде до посакуваната состојба. Затоа, се одлучивме во програмата за приватизација да вградиме елементи кои ќе го скратат процесот на преструктуирање, елементи кои ќе ја смалат опасноста од безрабоноста, елементи кои едноставно ќе овозможат оваа радикална промена да се одвива што е можно побезболно и што е можно со . помали потреси за стопанството. Нашиот предлог се потпира на тоа дека не смееме да правиме таква да приватизација во која претпријатијата масовно ќе се затвораат, во која ќе го губат пазарот, во која ќе се појави уште поголема безработица. Голема безработица имаме и без тоа. Тоа си беа причините кои не натераа на приватизацијата да и пријдеме поинаку отколку во најголемиот број земји на источна Европа.

Она што го научивме од нив беше дека не е доволно како цел да се постави само промена на сопственоста. Знаевме дека како цел мораме да си поставивме конкурентно, ефикасно пазарно стопанство, во кое претприемачките идеи брзо се реализираат во кое граѓаните и полесно ќе наоѓаат работа и ќе живеат подобро отколку досега Приватизацијата е најбрзиот и најефикасен начин да се оствари оваа цел. Но, за да се постигне оваа цел не е доволно приватизацијата да се изврши било како, туку таа мора да се изврши на точно одреден начин. Само така нејзините резултати ќе ја постигнат целта која си ја поставиме.

Оваа цел, иако доминантна, беше следена со низа подели. Една од нив беше програмата за приватизација да се искористи како средство за пропагирање на Република Македонија, како нешто интересно за развиениот свет. Едноставно сакавме да ја поставиме Македонија на особено со место на економската карта на светот. Оваа цел можевме да ја постигнеме само ако во програмата за приватизација ги вклучевме и странските институции, кои дискутирајќи за програмата на приватизација на Македонија, ќе станат свесни дека овде постои земја, која има цивилизирана програма за трансформација, која, кога ќе дојде прашањето на финансирање нема за нив да биде сосема непозната Оваа ориентација имаше уште една цел: да ни стане директно пристапно знаењето на оние кои учествувале во други приватизации и ги виделе проблемите кои при тоа се јавуваат. Затоа за изработката на програмата за приватизација баравме техничка помош од Европската банка. Таа помош ја добивме, и се покажа дека тој првичен контакт има огромно влијание на односот на Банката кон Македонија, која во оваа инстутиција успеа да ги прескокне сите пречки уште пред приемот во Обединетите нации.

Но, да се вратиме на нашата тема: законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во Република Македонија. На кој начин ги операционализиравме поставките кажани погоре? Прво појдовме од општата вистина: не може да се станува акционер со сила, со одлука на некој орган кој ќе реши колку пари луѓето ќе одвојуваат од својот доход за да купат акции. Станувањето акционер мора да биде лична одлука на оној кој ќе смета дека е подобро своите пари да ги вложи во некое претпријатие отколку во банка. Тоа мора да е доброволна одлука на секој поединец. А пак во економијата е сосема јасно на кој начин се изразува желбата да се направи нешто или да се купи нешто: со пари. Од тука се одлучивме приватизацијата како генерален принцип да поаѓа од принципот дека акциите се купуваат. Но тој принцип не е исклучително диктираран од теоретски причини. Зад него стојат многу практични причини.

Најважната причина е желбата во купувањето на акциите да се вклучат само оние кои ќе бидат животно заинтересирани како работи претпријатието. Токму овој интерес, кој што е потпомогнат со тоа што претходно се вложиле сопствени пари е најдобра гаранција Дека сопственикот на акции нема да биде незаинтересиран, дека ќе си го дозволи "луксузот" зделки да пропаѓаат заради лоши или ненавремени одлуки. Од тука, сметавме дека плаќањето на акциите, значи непостоење на бесплатна поделба на акциите, е една од основните гаранции за успехот на приватизацијата и во поглед на трансформирање на стопанството и во поглед на негово прилагодување кон пазарни движења. Од страна на светските финансиски институции токму ова беше оценето како исклучителна позитивна карактеристика на законот.

Инсистирањето на платена приватизација е сврзано и со обидот за еднаков третман на - граѓаните. Имено, секој вид сериозна трансформација носи со себе опасност да ги постави граѓаните во различна позиција пред законот. Токму затоа, еден релативно* правичен принцип е, на секој граѓанин да му се овозможи еднаков пристап до акциите. Тие што се спремни да платат за акциите ќе ги добијат купувајќи ги на пазарот.

Плаќањето на акциите, а не нивно бесплатно делење ,како Што некои упорно бараат, е еден од клучните елементи на донесување на граѓаните на Македонија во равнопрвана положба Имено, ако би се прифатило бесплатно делење на акциите само на вработените во претпријатијата кои одат во приватизација, би се довеле во нерамноправна положба сите оние кои работат во претпријатија и устонови кои не одат во приватизација, како и сите граѓани кои не работаат (невработени) или пак они кои веќе формирале сопствени претпријатија. Исто така, би се донеле во нерамноправна положба и сите оние кои до сега потполно се приватизирале и кои не добиле бесплатни акции.

Но има уште еден аспект на прашањето зашто Владата инсистира приватизацијата да биде платена. Многу пати до сега луѓето се прашувале каде отишле сите тие пари кои што Македонија им ги должи на странските доверители и на домашните штедачи. Тие средства во најголема мера се претвориле во индустриски објекти, истите оние кои денес ги приватизираме. Тоа е правено преку негативната камати, со фактот дека каматата секогаш била пониска од инфлацијата Со тоа, средствата постојано се прелевале во корист на оние кои земале кредити. Голем дел од тие средства е потрешен во стопанството но и на изградба на општествените станови и стопанскиот простор. Нема никаква логика ниту правда, сегашната генерација и тоа само еден дел од неа, сега бесплатно го добие она што, како долг ќе и остане на државата и сите ние, па и нашите деца го добијат како обврска да за отплаќање. Значи богатството треба да биде сопственост на еден дел од граѓаните, а сите граѓани на Македонија и тоа не само со оваа генерација туку и следните генерации би ја добиле обврската да го отплаќаат тој долг. Тоа 5и била неправда каква ретко може да се направи, а во светот се ретки оние кои толку неодговорно ќе се однесуваат кон идните поколенија. Бесплатна делба секој поедин граѓанин на Македонија во иднина би го оптеретила со значителен долг во конвертибилна валута. Ми се чини ова Собрание нема таков мандат, средствата да ги даде на еден дел од населението, а сите членови на ова општество да ги натера да плаќаат за имотот на еден дел на граѓаните. Нашиот пристап е многу јасен. Кој сака сопственост треба да ја добие со пари, а парите треба да бидат употребени, онолку колку може, за смалување

економските обврски на земјава. Ќе ви споменам само еден пример како во светот ова се прави сите средства кои во Унгарија беа собрани од приватизација одеа за плаќање на надворешниот долг на земјата Ние не мораме да бидеме толку стриктни, затоа што секој екстремизам е опасен; дури и во ваков случај, но она што сакам да го истакнам е врската меѓу долгот и имотот. Едноставно оваа Влада сака да ја размени општествената сопственост за долговите кон се направени за да се создаде тоа богатство.

Принципот на платена приватизација има уште еден аспект. Тој се однесува на донесувањето на одлуките во претпријатијата. Ние со овој закон во сушност пред се го менуваме начинот на управување со претпријатијата Досега управувањето во претпријатијата во Македонија,како и во останатите делови на поранешна Југославија имаа неколку основни мани.

- процесот на донесување одлуки траеше долго
- начинот на донесување одлуки беше повеќе од политички тип,  наместо да биде диктиран од интересот за профит
-не се донесуваа ризични одлуки
-и она што е најважно оној кој што ги донесуваше одлуките не ги сноси последиците на одлуките

Од тука, сопственичката трансформација е битна за да се подобри квалитетот, начинот и брзината на донесување на одлуки. Подобрувањето на управувањето ќе ја подобри и состојбата во поедини претпријатија Нема поинаков начин на оздравување на едно национално стопанство освен да се подобри состојбата во секоја клетка на економскиот организам на тоа стопанство. Во таков случај просперира и целата земја. И обратно, нема земја која просперира а која има само слаби економски субјекти.

Дали нашиот тип на приватизација се разликува од другите и дали мора тоа да биде така? Ми се чини дека слободно можеме да говориме за македонски тип на приватизација, барем според она што е предложено во законот. Ова посебност не е нешто кон кое се стремевме, туку е нешто што се наметна преку едноставното водење сметка за условите во кои приватизацијата во Македонија ќе се одвива Тоа значи нашата приватизација мора да се потпира на искуствата на земјите во кои веќе е вршена приватизација, било да се работи за развиени било да се работи за неразвиени земји. Но, таа мора да биде креативно сообразена со нашите специфични македонски услови за да биде успешна Кога говорам за успешна овде мислам на успех да се спроведе сакананата економска реформа Има и друг вид успешност. Да се изврши проста трансформација на сопственоста Тоа не тешко да се спроведе. Впрочем Русија тоа го направи. Резултатите се поразни. Но успешноста на оваа реформа ќе зависи и од решеноста на општествените сили во Македонија навистина спроведуваат реформата Таа успешност зависи од консензусот на социјалните фактори да застанат зад одреден проект. Притоа во постигањето на општествениот консензус не смееме да одиме кон обезличување на законот. Не смее компромисот да биде таков да ги угрози целите кои сме си ги поставиле, а за кои сум сигурен дека и најголем број пратеници на ова собрание се залагаат.

За да пи избегнеме шоковите за кои говорев понапред моравме да ја приспособиме постапката за приватизација на самите субјекти. Карактеристика на нашиот пристап е идентификацијата на доминантниот сопственик во секое претпријатие. Тоа може да биде едно или повеќе лица кои ЌЕ . поседуваат најмалку 51% од уделите или акциите на претпријатиeто. На овој начин сакаме да создадеме услови за ефикасно управување со претпријатијата. Со ова решение се зголемува ефикасноста во донесувањето на стопанските одлуки. Но, со овој пристап се постигнува уште нешто. Веќе на почетокот на трансформацијата се знае кој е идниот сопственик и со тоа се спречува разграбување на имотот на претпријатието, појава што е типична за вакви процеси на премин од еден во друг тип на општество.

Инсистираме сопственици на претпријатијата да станат Лица кои ќе вложат сопствени средства. Тоа е единствениот начин сопственикот да биде доволна мотивиран ефикасно и успешно да работи, односно да го оплодува вложениот капитал. На овој начин ќе се обезбеди и ризичните одлуки да бидат покриени со ризик на сопственикот, а не со туѓи пари. Потребата од оплодување на вложените средства доведува до повисоко искористување на расположливите капацитети, а со тоа и до задржување на релативно поголема вработеност.

Значајна карактеристика на нашиот проект е што постојат различни начини на кои едно претпријатие може да се трансформира. Законот ги дели претпријатијата на мали, средни и големи, при што за секоја од овие групи се предвидени различни методи на трансформација. Богатството на разни техники на приватизација, кои може слободно меѓу себе да се комбинираат, е резултат на настојувањето на секое претпријатие да му се овозможи избор на таква техника, која ќе биде прилагодена на неговата технолошка и пазарна поставеност.

Во дискусиите што се водеа по претходниот текст на законот многу често беше споменувано дека тој не води сметка за тоа дека во Македонија нема доволно капитал за откуп на претпријатијата. Притоа, многумина не забележаа дека, водејќи сметка за проблемот на недостиг на капитал во Република Македонија, предвидуваме специфичен начин на откуп на средните и големите претпријатија. Кај средните претпријатија, управувачките права може да се стекнат ако се откупи најмалку 20% од вредноста на акциите, а кај големите претпријатија ако се откупи најмалку 10% од вредноста на акциите на претпријатието. Но, лицата кои на ваков начин ќе стекнат мнозински управувачки права ќе мора да понудат соодветна програма за развој на претпријатието. Меѓу Агенцијата и лицата кои го преземаат управувањето со процент понизок од 51% се склучува договор за продажба со кој што меѓу другото, се утврдува и рокот во кој мора дасе откупи најмалку 51% од акциите на претпријатието. Тој рок, не може да биде подолг од 7 години. Со овој начин на приватизација сакаме да оствариме неколку ефекти одеднаш:

- трансформацијата да се врши и покрај тоа што во Македонија нема доволно капитал;
- во купување доминантен дел на акции да учествуваат и оние лица кои имаат доволно знаење, смелост и способност да ја зголемат профитабилноста на претпријатието, но немаат доволно капитал да станат доминантни сопственици;

- приватизацијата да се врши од идните профити на претпријатието;

- отплатата на доминантниот дел на акциите од идните профити да ги принуди претпријатијата на високо ниво на стопанска активност за да може да остварат повисок профит;

- ова, од друга страна, да ја минимизира опасноста за отпуштање на постојната работна сила. при дискусијата по Нацрт законот во ова собрание беше изразен стравот дека така добиените акции може да се злоупотребат за распродажба на претпријатието. Иако не го делевме тоа мислење, сепак за поголема можност за контрола на овој тип приватизација предвидовме во претпријатијата да се формираат надзорни одбори. Во расправата која ја водиме по овој текст, многу критика доживееа токму надзорните одбори. Токму затоа, Владата се согласи осигурувањето за да се побара преку материјална одговорност и со гаранција со личниот имот.

Значи основно е следново: настојуваме да продадеме контролен пакет на акции. Притоа сите граѓани на ;Македонија имаат еднакви шанси за купување на акции. Продажбата на акции ќе биде јавно огласувана. При еднакви услови предност во купување на акциите, а ова особено се однесува на малите претпријатија, имаат вработените во претпријатието.

Она што луѓето ги загрижува е прашањето дали се враќаме на капитализам од почетокот на овој век. Тоа значи дали ќе почне безобзирна експлоатација, потполна несигурност на работното место, дали влегуваме во период на општа мизерија за најголемиот дел од вработените. Дали сега се враќаме во време на безобзирни методи на малтретирање на работниците, дали се враќаме во времињата кои оваа цивилизација веќе ги смета за минато? Можам само решително да кажеме не. Ниту ќе се вртиме во тие времиња ниту ќе се случи катастрофа во поглед на вработеноста Едноставно за тоа ќе мора да водиме особена грижа, а средствата ќе се обезбедуваат и од програмот за приватизација. Но, не само тоа. Владата подготвува закон, кој многу скоро ќе се најде пред ова Собрание, кој ќе го регулира учеството на работниците во управувањето со претпријатијата кој е конципиран според искуствата и препораките на западно - европските држави. Значи јасно е дека наша ориентација е европскиот модел на обликување на работни односи. Секој оној кој навистина работи не треба да се плаши. А непријатни времиња доваѓаат за сите оние кои печалеа пари без работа. За такво нешто ќе мора да се одлучиме за доброто на оваа земја и за иднината на сите нас.

Како доказ за ваквата ориентација може да послужи тоа што работниците учествуваат во приватизацијата со повластено купување на акциите. Но, особена тежина му посветуваме на прашањето дека значителни средства од приватизацијата ќе бидат усмерени кон решавање на социјалните проблеми кои со неа ќе се појават, кон отворање на нови работни места со што би се избегнала состојбата на зголемување на невработеноста. За таа цел предвидуваме отворање на посебна

сметка кај агенцијата на која ќе се слеваат парите за оваа намена. При тоа предвидуваме три извора од кои ќе се алиментираат средствата за проблемите кои ќе се јават со технолошкиот вишок:

-акциите кои ги држи агенцијата носат дивиденда која исцело ќе се користи за социјални програми

-парите собрани од продажба на акциите на објектите од општествен стандард, кои исто така ќе се користат исклучиво за оваа намена,

-од средствата кои ќе се прибираат со приватизацијата како приоритетна цел на употреба се покрај долговите и решавањето на технолошкиот вишок.

Основен предуслов за ваков закон навистина да успее е постигање на некаков општествен консензус околу него. Дали постигнавме согласност на сите учесници во општествениот живот. Се надевам дека постигнавме! Сигурно е дека ќе има луѓе кои ќе бидат против приватизацијата која ја предлагаме. Но, во оваа реформа мораме да одиме без оглед дали се допаѓа тоа некому или не. Се плашам меѓутоа од еден вид согласност: генерално концептот по трет пат да се подржи, а со амандманите да се дадат такви предлози со фактички се уништува предлогот и тој станува само куп неповрзани правила без никаква јасна определеност и правец на делување. Убеден сум дека сепак ќе превладее желбата да почнеме со контролирана приватизација и дека согласноста околу основните поставки на законот ќе може да биде добра почетна основа за трансформацијата.

Би сакал да споменам уште една работа. Зошто волку касно овој закон во трета фаза се наоѓа пред пратениците. Тоа е речиси две години по претставување на првиот текст на законот. Едно можам да докажам: ова одлагање не резултат на работењето на владата туку е резултат на тоа што во општеството не можеме да постигнеме согласност околу концептот на законот.

Да ве потсетам: во мај 1991 година тогашната Влада усвои предлог на закон со кој се ставаше вон сила Сојузниот закон за трансформација на општествена капитал (таканаречениот Сојузен закон). Тоа го направивме единствено со желба да ги спречиме проблемите кои ќе се јават во нашиот закон кој што беше веќе најавен и кој што предвидуваше поинакви решенија. Во тој момент мал дел, од претпријатијата ја имаше почнато приватизацијата според тој закон. Но се случи нешто чудно: Законот кој беше усвоен од владата и поделен на пратениците наеднаш беше повлечен од опток без за тоа Владата да расправа. Се работец за израз на желбата да се продолжи приватизацијата според стариот закон затоа што се сметаше дека ќе е поповолен за одредени луѓе. Нашата желба да спречиме низа злоупотреби се нарече "желба за подржавување". И денес таа етикета ни се лепи секогаш кога ќе се обидеме да спроведеме сериозна контрола на економските токови.

Но, морам да ве потсетам: тој закон од цела поранешна Југославија се проведуваше само во Македонија. Зошто? Заради тоа што беше поволен? Заради тоа што со него лесно се приватизираше?

Не. Дури тој закон не беше особено проблематичен. Попроблематична беше неговата Македонија. Имено,'"во примената во Македонија се одеше толку креативно" што се вршеше практично и изигрување и на тој многу либерален закон. Законот на Марковиќ не предвидуваше: 11 бесплатна поделба на акции. Напротив, строго инсистираше на платена приватизација. Коректниов применет законот вршеше приватизација или со откуп на претпријатијата и уплата на средствата во фондот за развој или пак со методот на докопитализација. Во Македонија во 99% од случаите доминираше методот надокапитализација. Тој предвидуваше вработените да вложуваат нов капитал4 во претпријатијата, а за попуститеда се врши приватизација на општествениот капитал. Ако бројќите во него ги преведете на секојдневниот јазик, тој практички бараше да се изградат две до тринови фабрики за општествената фабрика да стане приватна. Дали некаде во Македонија имаме таква - ефективна докапитализација? Мене таков случај не ми е познат. Кај нас се најде начин, кој што ЈГИ кршеше основните норми на тој закон и преку негова некоректна комбинација со законот за лични доходи се најде метод преку прво незаконско зголемување на доходите, а потоа издавање на интерни- акции за на крај со нив да се приватизира дел од општествениот капитал. Чудно беше што сите се прогласуваа за ненадлежни за контрола на таа приватизација. Се разбира дека имаше приватизации' " кои беа направени коректно. Оние кои го кршеа законот обично кај себе го затвараа кругот. Сами претпријатијава си ги изготвуваа завршните сметки, сами си ја оценуваа својата вредност сами си ги продаваа претпријатијата без пари.

При првото спомнување дека во новата приватизација ќе се оди со некаков нов пристап, сите почнаа да инсистираат на континуитет. Но тој континуитет не значи само признавање на издадените акции. Континуитетот значи продолжување на приватизација по методот на платена приватизација Секој обид да воведеме бесплатно делење на акции е дисконтинуитет. А ако си дозволине дисконтинуитет во плаќањето тогаш мораме да дозволиме на пример и дисконтинуитет во тоа што би се поништиле интерните акции. Од тие причини апелирам на сите да се потрудиме да го зачуваме оној можен договор кој е постигнат во последниот текст заедно со амандманите кои Владата ги прифати.

Законот кој ви предлагаме требаше да биде усвоен пред точно една година Дали некој имаше интерес да го одолжи неговото донесување. Да Тоа беа сите оние кои продолжија да ги отплаќаат акциите по книговодствена вредност со нереална проценка на капиталот. Во тој интерес лежи и целата вистина за непотребното одложување на овој закон. Цела една година се дискутираше дали треба да се врши контрола на направената приватизација или не. Изгубивме цела една година за нешто што во правна држава не би било никаков проблем: контрола на законитоста Сега веќе изгледа дека тој проблем веќе не тишти толку колку порано, но сега острицата е уперена против "малите попусти" "зошто не се делат бесплатни акции" " дали тие што ќе приватизираат со мал дел на откупени акции ќе ги злоупотребат своите можности кои им ги дава овој закон. Како тоа оние кои го вршат управувањето на претпријатијата без платат ни еден динар нема да извршат злоупотреба, а оние "кои ќе управуваат со претпријатието и притоа ќе мора да платат барем извесна сума,.по дефиниција треба да ги прогласиме за криминалци.

Финансиски институции и сл. Затоа мислам дека е крајно време да го донесеме законот и она што уште може да се приватизира на еден контролиран и свесно управуван начин да се приватизира.

Ако не ја почнеме приватизацијата веднаш, сите ќе изгубиме. Јас сум убеден дека во ова

Собрание седат луѓе на кои доброто ма земјата им е многу важно и затоа сметам дека апелот нема погрешно да биде разбран.

Имам уште една молба: со непотребни амандмани да не направиме безличен текст од еден високо стручен труд кој што беше правен со извонредна посветеност и со желба да и помогнеме на земјата.

Благодарам

II/1.- ДВ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Политичката, економската « социјалната криза длабоко ја . потресуваат нашата независна македонска држава. Продлабочувањето и натамошното траење на таа криза ќе го доведе во прашање и опстанокот на државата. Оваа криза е. последица на функционирањето и работењето на досегашните постоечки институции на системот, како што владеењето на Владата и другите органи на1управата,. контролата, судството, банкарството и информирањето. На сите овие институции основата им е токму општествената сопственост која сакаме да ја трансформираме во некои други видови на сопственост. Нормално е сите овие институции да се против приватизацијата затоа што тоа бара или укинување или целосна реорганизација на тие институции.

Во овие судбоносни моменти на градење и опстанок на нашата држава, кога покрај Уставот треба да ги донесеме и другите системски закони, а пред се Законот за трансформацијата, што е денес на дневен ред и кој по своето значење е ист како и Уставот, закон со кој сакаме да ја бришеме општествената сопственост, а таа е доминантна во државата.

За донесување на еден таков закон потребни ни се огромен број објективни и веродостојни информации и податоци за тоа: колку изнесува капиталот, вредноста на општествената сопственост во Македонија, кој дел од неа ќе ја трансформираме со овој закон и што нема да се трансформира. Меѓутоа, како и секогаш, позицијата без ПДП и НДП за најсудбоносните одлуки не дава информации. Можеби тоа е

II/2.-

нормално ако не сме сведоци на огромниот број кражби, малверзации и злоупотреби во користењето и досегашната трансформација на општествената сопственост кое се прави од позицијата, сигурно таа не сака да даде отчет за таа сопственост бидејќи тие информации би биле против таа позиција. Таквиот однос и појави во позицијата доведоа до огромно раслојување на општеството на богати позиции и сиромаси - опозиција, на привилегии и корупции, позицијата, а кои го загрозуваат опстанокот на оваа наша држава, Република Македонија.

Со нашата програма, програмата на. ВМРО-ДПМНЕ,. во тие рамки е и Уставот и Уставниот закон како и со овој закон се определуваме за трансформација на општествената сопственост и други видови сопственост: приватна и мал дел на државна сопственост.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (Продолжение)

Ние како партија сме за една таква трансформација, односно донесување на овој закон е неопходен и потребен и бараме на оваа седница да се презентираат основните показатели за фактичките состојби што се предмет на уредувањето со овој закон, а имено

- објективна и сеопфатна информација за големината, користењето и трансформираната општествена сопственост;

- извештај за трансформацијата на општествената. сопственост според Законот за. Анте Марковиќ.

За квалитетно донесување на Законот за трансформација на

претпријатијата со општествен капитал треба да се презентираат следните податоци:

1. Колку изнесува општествената сопственост, капиталот во Македонија, со состојба на" 31.12. Г992 година, а уште поточно со состојба на 31 март 1993 година, бидејќи сите корисници на тој капитал прават односно имаат направено завршна сметка за 1992 година и тромесечен извештај за 1993 година.

2. Колку изнесува општествениот капитал кој е трансформиран во приватен и кое е неговото учество во вкупниот капитал на Македонија со состојба на 31.12.1992 година.

3. Колку изнесува општествениот капитал кој е неправилно трансформиран, односно украден и кај кои правни лица е тоа направено со состојба на 31 декември 1992 година.

4. Колку изнесува општествениот капитал што ќе биде предмет на трансформација со Законот и колку е неговото учество во однос на вкупниот општествен капитал на Македонија, со 31.12.1992 година.

III/2

5. Кој износ од општествениот капитал ќе се пренесе номинално преку акции на Фондот за пензиско и 'инвалидско осигурување и Агенцијата.

6. Колкав износ на плати неправилно се исплатени во интерни акции и колку е оштетена државата со даноците и придонесите што не се платени по тој основ, со состојба 31. јануари 1992 година.

7. Колку изнесува општествениот капитал кој е неправилно купен со интерни акции.

8. Мерки, решенија, пријави, преземени од Владата и СОК и други контролни органи за досегашната трансформација.

Бидејќи досегашните информации на Владата и контролата на СОК се пред се декларативни и насочени а без документарна основа, тие не можат да бидат база за донесуваше на овој закон. Затоа, веројатно и немаме. 1 .

Во надминуван>ето на барањето министерот д-р Јане Миљовски секако дека ќе треба да даде одговор зошто е министер од почетокот и во Владата на господинот Кљусев и сега е јасно дека времето го искористил рационално и одговорно, со веројатно правење на корекции на Законот за да го прилагоди на позицијата за да ја ублажи вината за досегашната состојба.

Без такви информации и податоци пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека овој закон е манлив иако ние со некои други партии сме единствено за приватизацијата, како процес со кој по неговото завршување можеме да говориме за извршена демократизација во економската област.

III/3

Господа пратеници, овој закон има популарно име Закон за приватизација. Како ќе гласаме за него ако со истиот општествената сопственост би се претворила во државна, а она што е до сега трансформирана во приватна е украдено. Сигурно овие податоци ќе бидат претпоставени, можеби и не најточни. Меѓутоа, во моментот, ако ги имаме сигурно со мерка на претпазливо ќе ги примиме и врз основа на тие ќе се одлучуваме.

Господа од позицијата, без ПДП ќ НДП имавте година ипол време такви податоци да доставите. Сите ваши досегашни информации беа усмени или непотполни, се единствена намера, бидејќи сте за овој закон кој не е приватизација, но подржавување, се плашите да кажете колкав дел од општествената сопственост ќе стане државна, со која ќе управува Агенцијата и Фондот. Според тоа, Владата е застапник на државната сопственост преку формирањето на државното претпријатие Агенцијата, што значи таа е за трансформација но не и за приватизација

Колкав дел од општествената сопственост ќе остане како општествена, читај државна, во банките, осигурителните заводи, монополиите, монополските претпријатија и слично?

Господа од позицијата дојде време да ги отворите картите. Направете го тоа зошто стои вистината, впечатокот дека сте против приватизацијата.

ВМРО-ДПМНЕ, неговата пратеничка група, можам со задоволство да констатирам, во досегашните свои заложби по овој закон за приватизацијата е на линијата и залагањето на Синдикатот, на Комората и на Здружението на приватниот капитал.

Функцијата на Агенцијата и Фондот всушност претставуваат прикриена форма на концентрација на државната сопственост. Оттука,

имаме мали, средни и големи претпријатија, место да се каже се приватизира се што е општествена сопственост, а не се приватизира тоа и тоа. Ние сме за целосна приватизација, сега, јасно да се знае што се приватизира, односно кој капитал се приватизира.

Од образложениeто имавме чисто признание за извршениот грабеж со до сега извршената: трансформација, се напаѓа грабежот, но не го . решава. Останува да се приватизира некаде околу 25% од општествената сопственост. При ваква состојба на нештата, каде е позицијата на нашата парламентарна група? Ние бевме. први" за приватизација а сега со ваков текст на Законот треба како опозиција со нашето учество и присуство на расправата на оваа седница всушност да го легализираме извршениот грабеж, едноставно речено да бидеме соучесници и во тоа односно по овој закон нема да се приватизира 85% од постојната општествена сопственост напротив, таа ќе остане чисто иста, односно ќе се трансформира во државна. ,

Која е позицијата, опасноста по ВМРО-ДПМНЕ ако не учествува во расправата. Едноставно ќе се рече дека сме против приватизацијата како од позицијата така и од други кои не можат да ја сфатат или не сакаат положбата на ВМРО-ДПМНЕ како опозиција.

Ние сме за целосна приватизација, со социјална сигурност и рамноправност во процесот на приватизацијата. Овој одговор на претпоставената опасност по опозицијата треба да биде надополнет со следното: Ние нема да го попречуваме процесот на приватизацијата, би биле обвинети и за противници на демократијата, но затоа ќе се потрудиме да дадеме свој придонес за нова, квалитетна содржина, по пат на амандмани и да бидеме конструктивни.

Позицијата може да го донесе овој закон и без пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Но, без наше учество ќе изостане одговорот на повеќето

Поставени прашања што позицијата ја става во друга улога да не смее . да премолчи за вистината. А, вистината е таа која народот ја бара и сака да ја слушне.

Што остана да приватизираме? Што е приватизирано? Што нема да се приватизира? Зошто се поддржавува општествената сопственост? Кој го изврши грабежот на општествената сопственост? Кој се збогати за сметка на народот?

Сепак, овој Парламент мора да ги почитува прописите донесени во врска со трансформацијата на општествената сопственост заради континуитетот и првната сигурност во државата, но нужно е и во духот на правото да се изврши контрола на извршената трансформација до сега во Република Македонија.

Прописите мора да се почитуваат. Тие не се носат за вршење на злоупотреби. Злоупотребите се вршат со нивното непочитување и отсуство на контрола. Токму ова го овозможи грабежот на општествената сопственост. Опозицијата во ова не учествуваше.

Каде е апсурдноста во сето ова? Позицијата поднесува повеќе од стотина амандмани. Тоа го сметаме за опструкција кон Владата од пратениците на коалицијата. За да тоа се надмине сметаме дека подносителите на амандманите ќе треба да размислат и ги повлечат ди се расправа по амандманите на опозицијата. Од односот кон нив во основа ќе зависи и судбината на законот.

Сметаме дека одредбите на членовите од членот 104 до 112 од делот Преодни и заврши одредби би можеле да бидат основа за посебен закон за вршење на контрола на досега извршената трансформација. Ова можело да се стори и порано. Одговорот ќе се даде зашто ова не е сторено во расправата што ќе уследи со учество на пратениците од опозицијата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Денес, на седница на Македонскиот парламент е еден од законите кои треба да бидат основа врз која ќе се верификуваат досегашните скромни процеси на менување, како на сеопфатна промена на социјалистичкиот карактер на општествено - економските односи.

Со овој закон, со задоцнување од две години се создава правна основа за оживотворувкње на слободата на пазарот и претпремништвото на правната заштита на сопственоста како темелни вредности на новиот уставен поредок на Република Македонија односно на сопственоста која треба да служи на доброто на поединецот и на заедницата.

Определбата на мојата партија дали ќе го поддржам овој законски проект ќе зависи од тоа колку е тој во функција на овие цели. Во текстот на законот веќе се направија неколку отстапки од здравата пазарна логика, а во предлогот на законот се прават и други. Свесен сум дека отстапки мора да се прават но она што за мене е неприфатливо, тоа е инсистирањето на коалиционите партнери да се сруши веќе приватниот предлог. Имено, скоро сите предложени амандмани се пратениците на СДС на Македонија, РС - Либерална партија и ПДП-НДП, коалиционите партнери што ни го предлагаат овој закон. Или е во прашање меѓупартиски договор со маневар да се отстапи од прифатениот концепт на законот, односно предложениот текст да се дерогира и видно измени со амандмани или Владата нема поддршка кај својата партиска основа.

Во случајов не се прашање амандмани со кои се подобрува текстот, туку амандмани со кои во основа, се урива предложениот концепт и се нуди популизам, поточно раздавање на општествениот

капитал, да се избегне ревизија и контрола и со тоа да се откријат кражбите и другите нелегалности во приватизацијата. Затечените раководни структури да си создадат еден вид материјална основа, поточно со социјална демагогија да го задржат сегашниот управувачки статус.

Евидентно се сака со овие амандмани партиите што се нарекуваат граѓански, реформистички и слично да се додворат на работните маси, на осиромашените и разочарани работници, заборавајќи при тоа дека токму филозофијата на еднаквоста на популизмот и општествената сопственост ги доведе до таа состојба. Имам впечаток дека некој сака реставрација и рехабилитација на општествената сопственост, но овој пат во облика на групна сопственост

Предлагачите на амандманите кои сакаат да го разделат општествениот капитал преку таканаречени бесплатни екстерни акции, бесплатни акции и други поими кои немаат никакво сродство со пазарната економија всушност се залагаат за групна сопственост, за задржување На постојната состојба што ја имаме во сопственичките односи.

Сите обиди да се блокира и наметне нов концепт во суштина значи одлагање на процесот на приватизацијата и наше компромитирање откако предложениот концепт доби меѓународна поддршка. Наметнувањето на ваучери и на слични пропагандни модели што треба популистички да поентираат пред народот, а кои што не носат економска разврска и воедно не компромитираат пред меѓународниот капитал, не значи ништо друго освен пораз на;:Македонија како граѓанско општество, определено за пазарна економија.

На работниците им се фрла пепел во очи. Господа, на работниците ќе им се поделат акции на фирми што се презадолжени и истовремено ќе се конзервираат сегашните сопственички и управувачки односи и структури. Ако нашите претпријатија не влезат сопственици кои имаат

средства да ги купат и се разбира да ги активираат односно кои заради тоа ќе вложат и дополнителен свеж капитал ние и понатаму економски ќе, стангираме и нашите фирми ќе останат во сегашната безизлезна ситуација.

Покрај тоа, со овие предлози граѓаните на Македонија се. доведуваат во нееднаква положба,односно се дискриминираат. На едни ; им се дава бесплатно општествен капитал а на други тоа право им се одзема. Новиот устав на Република Македонија не го познава минатиот труд како уставна категорија за да може Собранието врз таа основа да го разделува општествениот капитал. Тоа господа е минато.

Го поставувам прашањето кој ќе вложи капитал во претпријатија во кои групната свест за поседување на претпријатието ќе добие и материјална основа. Значи, нема да излеземе од економската, општествена и морална криза во која западнавме заради општествената сопственост, групната сопственост или како сакате да ја наречете.

Излезот е во прифаќањето на сопственичкиот, стопанскиот модел кој ги покажа сите предности во развиените земји на пазарната економија. А, тој модел, колку ми е познато, не познава вакви небулози што се предлагаат со амандманите.

Исто така, сакам да укажам дека партиите на кои им припаѓаат предлагачите на амандманите за воведување бесплатно раздавање на општествениот капитал и други предлози што се содржани во нив, се најгласни кога треба да се обезбедат средства за плаќање на експропријаните девизи на штедачите. Па, се прашувам, ако го разделиме општествениот капитал во кој се прелеани најзначаен дел од тие девизи, тогаш од каде средства за обесштетување на штедачите. Веќе со Законот за продажба на општествените станови ова Собрание изврши обезбедување прелагаат дневно - политички решенија односно

како се ближат. изборите се почесто некои партии предлагаат популистички решенија.

Денеска се среќаваме со еден анахронизам. Партиите што себе се сметаат за граѓански и се декларираат за општество засновано на приватна сопственост и граѓанска демократија, односно кои сакаат да бидеме членови на воениот заштитен механизам на западниот свет ни предлагаат решенија што се во суштина неокомунистички и во економска смисла се ретроградни и ќе оневозможат да бидеме дел од тој свет. И, се заради додворување на народот и тоа спрема дневните потреби. Притоа, повторувам, не се гледа стратешките интереси на Македонија.

Попоски плати, подобар стандард на работниците може да се обезбеди ако успееме да функционираме како било која друга земја на западните демократија со доминација на приватната сопственост, со јасно определени доминантни претприемачи и сопственици на претпријатијата. Но, не е само во прашање бесплатното раздавање на општествениот капитал, туку и препознатливата необолшевичка филозофија која ни нуди со тоа и во суштина радикално поинаков концепт на приватизација отколку оној содржан во Предлогот на законот. Или, ни се предлага еден вид државен социјализам.

На слична идеолошка основа се и амандманите со кои се предлага еден вид социјализација на општествениот капитал со кој се сака приватизацијата да -«е сведе на социјала. Така, на пример се предлагаат права на стечајни работници, обврска за нивно задолжително вработување од страна на новиот сопственик или обврска за предимство при нивното вработување итн. Овие предлози само ја подгрејуваат популистичката концепција дека се е на сите или, да бидам појасен, тоа е модификација на филозофијата на општествената сопственост.

-

Сопственоста не оди заедно со духот на колективизмот. Ако сакаме да изградиме пазарно стопанство во тој случај оној што ќе купи општествен капитал ќе треба да го има со Уставот прокламираното право на сопственост, а т.е. да се гарантира правото на сопственост, слободата на пазарот и претприемништвото. Јас не сум да не се решаваат социјалните прашања. Но, тие треба да се решаваат во рамките на социјалната политика.

Денеска господа пратеници, ќе паднат сите завеси и конечно пред македонската и светската јавност ќе се види за што навистина се залагаат партиите во македонскиот парламент. Кои се за граѓанско општество а кои се за неокомунизам. Сега ќе ја видиме вистинската позиција на таканаречените леви партии и на тие таканаречени граѓански партии.

На крајот да завршам со она што укажав на почетокот ,како припадник на граѓанска партија се наоѓам во една смешна ситуација да ја бранам Владата од владеачките коалициони партнери на кои таа Влада им припаѓа.

Всушност, проектот на Законот го предложи Владата на Кљусев во која член и носител на тој проект беше професор Јане Миљовски, односно во својство во кое е и денеска. Тој истрајува на тој концепт. Јас му давам поддршка на тој концепт и затоа предлагам да се отфрлат предложените амандмани, се разбира освен оние кои ги предложила или прифатила Владата. Со некој од нив се отстапува од предложениот модел, но повеќето го доградуваат и подобруваат.

Прифаќањето на другите амандмани ќе значи дефинитивно напуштање на граѓанскиот концепт за приватизација кое овој парламент го прифати и промовирање на нов необолшевички концепт со кој се прави обид да се задржат постојните општествено - економски односи

и да се реставрира таканаречениот колективистички дух. Се ближат изборите и затоа сега укажувам дека сите партии според тоа како ќе се изјаснат за овој закон ќе имаат или не кредибилитет да се нарекуваат граѓански партии кои се залагаат за приватна сопственост, приватна. иницијатива, односно за пазарна економија.

**ШАБАН ПРЕВАЈЛА:**

Почитувано претседателство господа и дами. Јас мислам дека имавме прилика овој закон, овој проект по него да се произнесуваме во текот од две ипол години, имаа прилика да се произнесуваа како пратениците, така и разни асоцијации, дури и некои високо школски институции. И се добие едно искуство што сигурно дека наоѓа соодветна од лични побуди, партиски итн., се обиде низ огромниот број амандмани да се вгради себе си во законот. Во секој случај, таа обемна и маратонска расправа, јас мислам дека можеме да заклучиме дека даде резултати што се достојни за почит.

денеска расправајќи по овој закон по последен пат ми се дава шанса да произнесувајќи се уште еднаш по неговите одредби, инсистирајќи на решенија што биле прифатени за сите нас да придонесеме тој закон што е можно да биде поприменлив. Јас лично не се сомневам, во применливоста, иако морав да кажам на почетокот дека процесот на приватизацијата е долгорочен и не може да се оствари за кратко време, иако нашите желби се токму тоа.

Би потсетил дека со остварувањето на овој закон, всушност треба да очекуваме дека ќе се промени системот кај нас, пред се економскиот, би рекол во основа и за промена на политичкиот систем. Исто така примената на тој закон ќе значи истовремено и остварување на нашите реформски определби. И конечно без неговата примена не ќе може да се оствари нашата позната определба за пазарно стопанство и пазарни законитости во нашето однесување.

Оттука, мислам дека значајно е и договарањето и примената на овој закон. Меѓутоа, мораме да потсетиме и во оваа прилика дека досегашните расправии околу тоа како да поттикнаа на размислување за ова, дека ние всушност се определивме за приватизација, во класична

Смисла на зборот, така да кажам/.ние сеуште поради низа причини кои што убаво беа изнесени во излагањето на професорот Миљовски ние во оваа фаза застануваме за зад мерката на трансформација. Трансформација заради тоа што поради објективни околности ние не можеме да оствариме приватизација иако определбата беше токму тоа. Мислам дека таа останува како аксиона, бидејќи не можеме како акт да се спроведе за кратко време, ние се определуваме во фази да ја спроведеме таа приватизација. Би додал дека основна причина за тоа е и тешкотиите во расчистувањето со еден систем кој што кај нас живееше скоро 50 години и од друга страна непоседувањето на доволен капитал за учествување во класичната приватизација. Би додал дека и неможноста тука да пробие странскиот капитал за да учествува во купувањето на нашите претпријатија и со тоа да се оствари приватизацијата по пат на продажба на капацитетите. Значи објективно бидејќи не може да се дојде до тоа, ние се определуваме за трансформација, иако свесни сме дека трансформацијата не е што е приватизација. Мислам за тоа треба да сме јасни до крај. Дотолку повеќе што и во практиката на другите земји и во теоријата мислам дека се јасно дефинирани овие поими, особено прашањето на приватизација на општествениот или државниот капитал, зависно за која земја станува збор.

Токму заради тоа, би рекол дека со моделот што се нуди од Владата, како да се прави еден компромис меѓу простата продажбана капиталот и поклонувањето, така да се изразам уставно. Кај нас не станува збор за класично поклонување што би можело да се оствари, доколку се определевме за таканаречени бесплатни акции или ваучери таканаречени во праксата во другите земји, ние се определуваме за делумично давање на попусти, односно одвојување на дел за потребите на финансирање на пензиските фондови итн., и одредени попусти во

стартот, значи само за вработените а не и за граѓаните а потоа тоа што останува, дали ќе биде 25% итн. тоа само може да биде предмет за продажба за приватизација по пат на емитирање, односно купување на акции.

Во секој случај мислам дека е тоа една мерка што води кон зацртаната цел, ние конечно како општество да преминеме кон новиот стопански и политички систем за што веќе се определивме.

Се разбира, иако поминаа повеќе од две години, од кога ни се понуди првата верзија на Нацртот, па потоа и на Предлогот, во меѓувреме и предлогот на законот има одредено квалитетно подобрување на текстот и ,на моделот, ние можеме и понатаму да упатиме забелешки, предлози и размислувања, впрочем за тоа зарем не говори огромниот број амандмани што се упатени од патениците. Би рекол дека не се тоа амандмани за минирање на концертот што се нуди, како од позицијата, така и од опозицијата, а особено би рекол дека амандманите упатени од пратеничката група на СДС и на ПДП НДП, па и на другите парламентарни групи мислам дека се најдобронамерни. Не значат тие опструкција, како што овдека беше изнесено. Јас не ги разбирам како опструкција, напротив, станува збор за материјалот, за проект што се наоѓа во рацете на сите нас, со желба сите ние упатувајќи забелешки, предлози и амандмани,на крајот на краиштата да придонесеме кој модел до крајна консеквенца да ги одрази моменталните стремежи на општеството, во оличени преку Владата на Република Македонија да се направи еден чекор во нашето трансформирање, барем на материјален план што сигурно дека тоа нема да биде доволно доколку ние во иднина не успееме да се трансформираме и во мислите и во однесувањето, во деловност итн.

Кога сум тука, морам да кажам збор два и за тоа дека ние определувајќи се за продолжување за процесот на трансформација

процес што веќе започна во 1989 врз база на законот за општествениот капитал, ние истовремено мораме да обезбедиме континуитетот во трансформацијата, за што во спротивно ќе остане еден вакум, или ќе останат одредени решенија половични или нецелосни што сигурно дека во натамошниот од со трансформацијата ќе бидат пречка, или ќе бидат една лузна во сета таа цел.

Оттука мислам дека треба да се поддржи делот на законот кој обезбедува континуитет во остварувањето на овој акт во нашето трансформираше меѓутоа мора да се каже дека трансформацијата не смее да се препушти на стихија. Затоа јас лично барам ја гледам мошне вашата улога на агенцијата за трансформацијата или за приватизацијата, повеќе би рекол дека таа требаше да биде агенција, за приватизација која што постои во многу земји, па би рекол и во поранешните ЈУ-републики. Но во секој случај како механизам, како акцелератор, како забрзувач на трансформација тој е нужен, иако може да се упатат забелешки што се преголеми овластувања, дури можност преку таа агенција да се изврши подржавување . Морам да кажам дека мора да се тргне од некаде. Искуството од други држави зборува и за тоа дека се прави прво тој чекор на поддржување, потоа се оди на последниот чекор, а тоа значи приватизација. Патот може да бие различен, меѓутоа, мислам дека основата цел е неспорна. Ние се определивме за приватизација и од тоа мислам дека нема враќање назад.

Мене ми остави впечаток делот на законот кој што најавува дека во меѓувреме ќе се донесе методологијата за проценка. Мислам дека како со методологијата за проценка, така и со некои други по- тези мислам дека ние многу доцниме. Можеби ќе беше корисно некои работи да одат паралелно како во стартирањето на продолжувањето на процесот на приватизација да ги имав на тие работи. Во спротивно ќе имаме повторно влечење и со тоа можност овој вакум некој да го искористи за

дива приватизација. Свесни сме сите дека таа е при- сутна. Зарем за тоа наговори доволно фактот дека одредени стечаи инт., се користат меѓу другото и за диво приватизирање на објекти, што мислам дека тој процес мора да се спречи, меѓу другото и преку што побрзо применување на законот со нормално што побрзо донесување на подзаконски акти, вклучувајќи ја тука пред се и методологијата за проценка , што треба да ни понуди нам и реална вредност на машините и уредите што ќе бидат предмет на приватизација во оваа фаза на трансформација, поради околностите што нам ни се познати.

На крајот -да завршам, дека со сите слабости што може би ги има моделот, а верувам дека доколку некои амандмани се прифатат и денеска, по некои веќе Владата се произнесе, со усвојувањето на патните амандмани веројатно што се придонесе за подобрување на моделот, јас сметам дека сепак треба да се изгласа од нас сите, зашто ако е повеќе ќе се оди на званично приватизација, на легализирање на еден процес, односно на продолжување на еден процес за кој што ние веќе се определивме, а мислам дека прашањето на приватизацијата е дел од нашата развојна стратегија. Без тоа јас мислам дека ние не би можеле да зборуваме како ќе бидеме утре, како ќе бидеме посел 10, 15 и 20 години. Мислам дека со ова, со спроведувањето на овие закони, со сите амни -мислам дека ние ги поставуваме темелите за остварување на она што значи основна цел, а тоа значи претворање во земја со пазарно стопанство и со тоа определба за една стратегија во развојот. Затоа би рекол треба да гласаме за законот.

**ДУШКО ГОРГЕСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Ние денес расправаме за закон, а кој што и од дискусијата на претходните дискутанти слушнавме е можеби после уставот еден од најважните законски документи и акти кои што овој парламент треба да ги донесе.

IV/6.-

Може би и тоа беше причина што повеќе години се изгуби на припрема на еден ваков закон, на еден ваков законски проект? Меѓутоа и покрај сет тоа што имаме така опсежно припремен закон покрај сето тоа што имаме навистина пружени низа. концепти, што во светот се спроведуваат и низа искуства ј са кои се судривме еве и денеска почнуваме расправа по овој закон во основа со политички маркетинг. Дури и дел од ангажирање на поедини пратеници кои што одат во правец можеби за попрактична примена на овој закон, можеби за негова побрза реализација се смета да се укалупат во рамките на оспорување на професот на приватизацијата и дури да се кажува дека со болшевички карактер итн. што сметам ,дека сето ова овде ќе заврши и ќе остане како една пропаганда која тешко поминува, затоа што овој парламент, овој закон, со извесни корекции сигурно , периодот што претстои брзо ќе го усвои и навистина на оној дел од општествениот капитал кој што досега не се приватизира ќе му даде една јасна визија во кој правец таа приватизација ќе оди.

Оттаму сметам дека прво и основно и како парламент и како партии сите, доколку програмите сите сме ги погледале ќе видиме дека сит се залагаме за пазарно стопанисување и према тоа сигурно нијанси има како до тоа пазарно стопанисување нормално тоа дека плуралистичко општество ќе имаме и различни ставови и мислења, меѓутоа во секој случај треба да се избориме и со овој законски акт значи одиме во тој правец. Меѓутоа, мислам  и покрај тоа што имаме така опсежно припремен закон, толку долг период припремен, ние паралелно со примената на тој закон процесот на приватизација, односно преструктуирање ќе се одвиваше. Сега дури е поставено прашање кој процент , јас мислам дека огромен процент од општествениот капитал веќе е трансформиран и дека преостанува можеби еден помал процент

кој што треба во периодот во рамките на овој закон,исто така да се приватизира. Сега дали ние ќе одиме она што досега е веќе завршено така да го прифатиме и по новиот концепт да остане другиот дел. Дали со тоа, ако така го прифатиме, односно во Предлог законот е дадена една ситуација во која што сигурно се бара една поправедна и поадекватна приватизација односно извесна контрола на она досега што е завршено, а другото да си остане во рамките на она што законот го предлага. Мислам дека овој закон навистина, после толку припреми сметам дека е извонредна основа за расправа на овој парламент и сметам дека со изнесени корекции истиот ќе биде далеку поприменлив. Јас лично мислам дека не можеме ние да се откажеме од она што значи минато, не зависно што некој ќе го сведе во рамките на реалсоцијализам, болшевизам итн., меѓутоа не можеме да кажеме дека се што е досега направено се е направено од друг, сето тоа е резултат на нечиј труд, сето тоа е резултат на нечии туги кредити и сето тоа е резултат на секого, само не на тие внатре што створеа. Таа теорија лично за мене е неприфатлива и мислам дека ако така направиме, правиме уште една неправедност према луѓето во организациите каде што имаме успешно стопанисување, каде што периодот од нивно создавање од револуцијата па наваму, имаме резултати и каде што имаме проширување на производниот асортиман, зголемување на производните капацитети, усвојување на пазари надвор, внатре итн. ако тоа го анулираме сето и кажеме дека е тоа апсолутна нула, а дадено е навистина прилика со девалвација на тој капитал преку разни проценки некој сосема петти да дојде, мислам дека правиме една голема неправда. Сега, ако кажеме дека дел од акциите кој што по пресметката на агенцијата итн., дали 10, 15 или 20 би било пожелно во зависност како ќе се определи парламентот да се бесплатни, ние во основа веднаш тука рипнавме и кажуваме и почитуваниот министер и некои дискутанти тука веднаш кажаа дека концептот се руши.

V/1 ЈМ/СЛ

**ДУШКО ГОРГЕСКИ**:(продолжение)- — -

Јас исто така мислам дека со тоа апсолутно не се руши концептот, ниту доаѓаме во судир со Уставот, затоа што мора да се свртиме малку назад и да видиме што досега се случи и дали ние навистина со ревизија и со овој закон можеме тоа да го изведеме на прав пат. Тоа е едно. И второ, ако го земеме концептот. што е предложен со законот во кој се вели да не доаѓа 70 отсто попуст на 20 отсто од вредноста на капиталот, односно од акциите ќе видиме дека реално 16 отсто, односно 14 отсто се бесплатни акции. Според тоа мислам дали ќе биде 16, 14 или 20 отсто во секој случај треба да дадеме еден потстрек и да усвоиме еден концепт кој што навистина ќе го забрза приватизирањето наместо да го успори, односно трансформирањето. Мислам дека еден ваков пристап навистина ќе создаде можност за побрзо трансформирање. Во спротивно ние ја знаеме ситуацијата во која се наоѓаме како општество, кое знаеме низа организации, знаеме грото од вработените во каква ситуација се, ние знаеме со каков стандард се, со која моќ се итн. и ние знаеме дали тие со таков попуст многу лесно и брзо ќе бидат откупени. Ако знаеме дека тешко ќе се откупат од иститe, тогаш треба да бидеме свесни дека тој процес исто така ќе се успори со една ваква регулатива, наместо со другиов дел кој што значи само 4 отсто разлика , или да речеме нека не биде ни тоа, нека биде првиот дел 15 отсто, меѓутоа, сето тоа сметам дека навистина го забрзува процесот.

Второ, знаеме во какви услови живееме. Ние навистина очекуваме дека во периодот кој што претстои ќе дојде до разрешување на кризата која што е околу нас и навистина дел од организации кои што имаат на некој начин свој рејтинг барем каков таков надвор и тука можеби ќе дојде до прилив на странски капитал и до ризик од странецот да вложи,

меѓутоа, во сегашен момент исто така мораме да : бидеме свесни дека тоа ќе оди со сериозни потешкотии и истото тоа ќе предизвика споро спроведување на законот кој што е пред нас. Мислам дека доколку сите овие работи ги имаме предвид, имајќи ја во предвид и улогата на Агенцијата што со овој, закон е предвидена, имајќи, предвид дел од последните членови на законот, сметам дека постои реална основа за негово трансформирање, односно за негова реална примена, меѓутоа, мораме да имаме во предвид дека ова што е предложено дека е еден концепт кој што е извонредно пазарен и по мое мислење високо теоретски поткован. Меѓутоа, мора да бидеме свесни за ситуацијата која што е кај нас истиот без извесни корекции кои што се во прилог на побрзо трансформирање дека тешко ќе оди..Оттаму мислам дека не треба да правиме една политичка пропаганда и да кажуваме болшевизми, комунизми, и социјализми, туку навистина како пратеници, односно како Парламент одговорен кој што две години го жвака: овој закон заедно со министерот кој што се специјализира на ова поле, да бидеме свесни што имаме практично и дали навистина сакаме трансформација и приватизација, или пак теоретски сакаме закон кој што навистина ќе биде оспоруван со низа пречки кои што се присутни во практиката и кои што тешко ќе отвораат простор за негова практична примена.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сметам дека не би требало подолго да се задржуваме околу искажувањата за потребата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал бидејќи нашите гледања по определбата ги искажавме пред една година кога го усвоивме Предлогот за донесување на закон за трансформација на претпријатија со општествен капитал. Заради континуитет во расправата по Предлог-законот во општиот претрес ќе се задржам на

пристапот, односно концептот како го нарекува предлагачот, министерот без портофељ д-р Јане Миљовски задолжен во рамките на Владата за реализација на овој процес. Процесот на конципирање на законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал започна врз фундаментите на Програмата за приватизација изготвена од нашиот сонародник Ченто Вељановски1.-'Морам да укажам на исправната одлука на Собранието на Република Македонија кога не Го прифати предлогот на Владата да веднаш на истата; седница расправа и по Предлог на законот како што беше предложено, туку се изготви Нацрт на самиот закон и во период од 30 дена се отвори расправа по Предлог на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Овие роковине се почитуваа и со задоцнување од скоро 6 месеци го добивме во собраниска процедура Предлогот на закон. Може слободно да се констатира дека предлагачот и покрај тоа што има прифатено дел од забелешките во собраниската расправа како по Предлогот. а донесување на законот, така и по Нацртот во основа не отстапи од својата основна концепција што понатаму во мојата дискусија посебно ќе елаборирам. Не се сакаше од страна на предлагачот поопстојно да се разјасни процесот на приватизација како крајна цел и процесот на трансформација како преодна фаза. Тука имаше и една претходна дискусија која што на овој проблем посебно не водеше сметка, туку исклучиво се задржа само на процесот на приватизација. Заради разјаснување на овие два процеса јас сосема накратко ќе ги елаборирам основните цели на она што треба да се постигне како крајна цел на приватизацијата и она што е предлог на самиот закон, а тоа е трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал. Со приватизацијата што ние сите се залагаме како крајна цел во основа како основна цел е да се постигне економска ефикасност на стопанските субјекти, создавање на пазар на капитал, подобрување или промена на

управувањето со претпријатието, создавање на конкуренција и уште еден елемент чесност која што најверојатно сама по себе ќе дојде помеѓу стопанските субјекти, или деловните партнери. За остварување на оваа крајна цел, тоа е приватизацијата постојат повеќе ограничувачки фактори што се присутни во нашиот амбиент на стопанисување и што овој момент како процес не можат директно да се спроведат, а тоа е пред се основната цел, односно основната причина, недостаток на капитал за брза приватизација, или веднаш, застерени технологии, лошо управување, неликвидни банки, инфлацијата како елемент е присутна. И сега во поново време од конципирањето на законот блокади создадени преку санкциите во движењето на стоките во поблиското опкружување. Сите овие елементи придонесуваат на тоа да ние во овој момент не можеме сигурно да бидеме во функција на донесување на еден закон што ќе обезбеди брза приватизација. Очигледно е дека процесот на приватизацијата не може да се оствари по решенијата што ги имаат развиените капиталистички земји од една единствена причина што таму правилата на играта се познати и јасно е дека не се приватизира целото стопанство како што е случај кај нас, туку поедини стопански субјекти каде што е познат сопственикот. Овие денови и денеска веќе имаме одредени информации во дневниот печат дека се приватизира фабриката"РЕНО" која што има државен капитал, но сигурно како поедини субјекти, а не и сите такви претпријатија што се во Франција. Оттука и процесот на трансформација е нужност која што треба да се спроведе во преодната фаза. Трансформацијата не е ништо друго, туку идентификација на сопственоста во преодниот период заради остварување на крајната цел, а тоа е приватизацијата. Има повеќе модели за идентификација на општествената сопственост со јасни укажувања дека нема готови решенија што можат да се сметаат за оптимални и веднаш применливи во пракса. Во праксата државите од

поранешните социјалистички земји во основа, се застапени принципите и тоа: поделбата на општествениот капитал каде што се применува принципот на ваучери и други модели, продажба на општествениот капитал во одредени земји како што беше Маџарска, еве сега се заговара и кај нас комбинација на поделба и продажба во еден случај со приоритет на поделбата, а во друг случај со приоритет на продажбата на дел од општествениот капитал.

Јас ќе се задржам на комбинираниот принцип на поделбата со продажба на општествениот капитал, бидејќи по тој принцип е конципиран и предлогот на законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал за кои ние денес расправаме каде и се разидуваме на одреден начин со предлагачот. За да навлеземе во суштината на трансформацијата како преодно решение и на приватизацијата како крајна цел мораме да разјасниме некои отворени прашања. Што е приватизира, или се идентификува преку процесот на трансформацијата. Јасно е дека во член 7 во основа се дава решение да предмет на приватизација е деловниот фонд, иако така не стои таму што е створен од стопанските субјекти што се предмет на трансформација по овој закон. Со мали исклучоци во одговорот на ова прашање може да се каже дека предмет на трансформација се средствата што се створени од акумулацијата на стопанските субјекти за некои во поповолни услови. Па оттука и мислењето за оние стопански субјекти што работеле рационално, а некои и со намалени лични доходи заради стварање на поголем деловен фонд применета на овој закон како што сега е предложен е неправичен, односно врз нив ќе изврши една неправда, а јас ќе се залагам да дојде до таа измена и да се обезбеди на одреден начин принципот на правичност. За да навлеземе во суштина на трансформацијата на општествениот капитал што е предмет на самиот закон треба да ги идентификуваме и субјектите што учествуваат во

самата трансформација. Еден од дискутантите претходно укажа на потребата од идентификација, а во член 3 веќе на одреден начин се укажува кои субјекти не:влегуваат во трансформацијата, а кои понатаму остануваат во делот на трансформација- та и на оние на кои им се дели правото за спроведување во преодната фаза на општествениот капитал. Сметам дека суштината на нашиот спор со предлагачот е во тоа , кој ќе ја изврши таа крајна цел на приватизацијата во овој период со самата поделба или со самата распределба на правото за приватизација. Оттука на одреден начин би го елаборирал сегашниот предлог. По предлогот што го има предлагачот субјектите што ќе ја вршат понатамошната фаза, или ќе ја реализираат фазата на приватизација се Фондот на пензиско осигурување кој што добива пакет од приоритетни акции без право на управување од 15%, 20% им се отстапува на вработените по пат на попуст со повеќе ограничувања да можат да го остварат тој попуст од вкупната маса и тоа три главни. ограничувања. Првото ограничување за остварување на попустот од 20% да мораат да имаат пари за да го платат тој дел над попустот. Второ, да мораат да го остварат тоа право во рок од три месеци. Трето, да мораат , односно не може повеќе да се трансформира со попуст повеќе од 15.000 ДМ во секој стопански субјект, за секој поединец што ќе се јави во делот на искористувањето на правото на попуст. Што значи три ограничувачки фактори кои што оневозможуваат да се остварат тие 20% и јас по слободна проценка можам да кажам дека тие 20% со овие ограничувања сигурно ќе се сведат на не повеќе од 5 или 10% во сегашните услови што ние ги имаме во процесот на трансформацијата.

V/7

И на крајот останува 65% да се пренесат од вкупните средства што се трансформираат од управувачки права, тоа еден член го обезбедува на Агенцијата, а Агенцијата во еден период што сега не можеме да го знаеме колку ќе биде да ги продаде тие 65%, или тој 65% капитал и го намени за алиментирање или,за плаќање на внатрешните и на надворешните долгови како прв приоритет, правата на рабтниците. за создавање на можности за нови вработувања кои ќе останат без работа, обесштетување на лица кои полагаат«право на сопственост согласно прописите на денационализацијата и развојни програми . Овој принцип на трансформација не е затворен и е со низок степен на применливост, со низок степен на правичност, само со едно оправдување дека се бара потенцијален сопственик што треба да внесе промени во управувачките механизми. Тоа не е спорно и после низ самите амандмани се обезбедува да се оствари тој принцип на зафаќања односно на обезбедуваше на тие управувачки механизми. За да се здобие некој со право на управување мора тоа нешто и да го плати. Па оттука најверојатно и несогласувањето што ги имаме со предлагачот во поглед на изборот на најпогодниот принцип за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. За да се потврди мојата констатација јас ќе ги коментирам сосема накратко принципите на трансформација што имаат слични решенија со примена на поделба во првата фаза , а и со решенија за продажба во една покасна фаза како што е и тоа посебно е затворен принципот на трансформација во Словенија каде што 10% од капиталот се отстапува на пензиониот фонд, 10% за Фондот за исплата на поранешните сопственици, 20% за Фондот за развој на инвестиции што го има и кај нас, 20% на вработените со попуст и 40% на граѓаните со издавање на сертификат. Што значи застапени се сите модели и нема опасност да тој принцип сигурно се спроведе во една претходна, или преодна фаза, со тоа што крајната цел

ќе биде продажбата, односно плаќањето со готови пари доколку се реализира тој процес. И за Хрватска што не би го коментирал уште поедноставен е 50% од вкупниот капитал се дава со попуст, тоа е едно само ограничување на 20.000 ДМ на поединец, а останатите 50 отсто за жал се употребуваат за намена која што на одреден начин не е во функција, а е во функција на самата држава, односно ги зема управувачките права со цел да го продаде тој капитал за алиментирање на штетите од војната што сега ги има. Ги елаборирам принципите што се во тек на реализација за да го разграничам процесот на трансформација од процесот на приватизацијата што е крајна цел. Законот и самиот во првиот член упатува на условите , начините и постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, но го избегнува во првиот член принципот на можна поделба што понатаму во законот отсуствува, иако се применува. Се делат 15% од акциите на пензиониот фонд во првиот член таква одредба не постои, што значи дека отсуствува таа одредба како можност , иако по мене не го загрозува понатаму реализирањето на самиот закон. Се врши само идентификација на сопственоста во склад со Уставот, приватна, државна, задружна и мешовита, прашањето е само кој ќе го врши тој процес и кој ќе ги сноси последиците што се очекуваат на краток рок, а целите и придобивките се очекуваат на подолго. И ова е суштинско прашање. Со трансформацијата само се даваат правата кој понатаму ќе го продолжи тој процес. Оттука не би се сложил со една од ди кусиите што беше претходно кога влезе директно во процесот на приватизацијата. Ова е преодна фаза и само се делат кој тој процес ќе го прави. Сега за да правичноста сигурно биде поголема, јас понатаму на одреден начин ќе ги елаборирам и ставовите на Комисијата кои што одеа во тој правец да се разјаснат сите овие прашања што се сметаа како спорни со предлагачот.

Колку долго ќе трае процесот на приватизацијата, затоа што и бесплатно добиените акции, односно удели од работниците и државата ќе бидат предмет на купопродажба на пазарот на хартии од вредност, што значи не може сега никој да потврди колку долго ќе трае овој процес, туку тоа ќе биде пред се сигурно одлука на самиот пазар и кој ќе ги купи тие акции, односно на кои акции ќе се опре- дели тој што ќе купува акции.

Комисијата за стопе1нство на суштинските промени даде предност, во основа на три алтернативни решенија, а во Извештајот и претседателот на Собранието предлага така да бидат пред Собранието дадени алтернативните решенија, заради тоа што сите три алтернативни решенија се изведени од амандманите кои што беа дадени од пратениците

Првото на кое што му даде посебна поддршка е да се дадат бесплатни и акции без право на управување во 30% од проценетата вредност што останува сега за трансформација. Значи после целата легализација и тоа само на вработените во претпријатијата. Јас овде нема да го елаборирам овој амандман, бидејќи останува обврската кога ќе се расправа по амандманот посебно да го елаборирам. Со тоа што во овој амандман се исклучува можноста за продавање на акции со попуст. Што значи членовите сите што се со попуст треба да се бришат.

Втор приоритет доколку овој не биде прифатлив за Собранието Комисијата го поддржа да се комбинира, односно да се прифати бесплатни акции, а има такви амандмани со 10 или 15% и можноста да се прифати концептот што Владата го има со акции со попуст. И овој концепт, односно и овој начин за Комисијата беше прифатлив и сигурно Комисијата би го поддржала доколку Собранието го поддржи.

И третиот начин тоа е да се примени само попустот како еден од начините што постои и како решение во законот, а да се зголеми масата за попуст односно наместо 20% што предлага Владата, има амандмани на 30 или 40%.

VI/1.- CJ-ВБ

**ПЕТАР ГОРГИЕВ**: (продолжение)

Комисијата ги поддржа амандманите и за 40 и за 30 со тоа што во расправата ќе се изоцени дали еден од овие пристапи може да биде прифатлив. Исто така елаборацијата на овие начини што на одреден начин се предлагаат на Комисијата и се заклучи дека нема апсолутно никаква спротивност со Уставот и сигурно да овозможува пред се примена на Законот, значи побрза примена на Законот и исто така обезбедување на правичноста само на делот на вработените кои што сега се во претпријатијата заради тоа што најверојатно и тие последиците кои што се очекувани ќе ги имаат пред себе. Што значи, има многу отворени прашања на кои што се знаат веќе и одговорите, а од одговорите треба да се извлечат и одредени корекции што треба да се направат во рамките на сегашната расправа преку произнесувањето на изнесените амандмани.

На првото прашање, колку долго ќе трае овој процес не може да се даде прецизен одговор, но се разбира само во преодната фаза самата трансформација не може да се заврши пред 5 години за поголем дел од стопанските субјекти а посебно за големите претпријатија и ќе биде во зависност до вкупната политичка и економска состојба и процесот на прилагодување во земјата.

На прашањето, какви последици се очекуваат и кој ќе ги сноси истите, јасно е дека се очекуваат последици тоа и предлагачот го предвидува во еден член и тоа на краток рок. Самиот предлагач упатува на тоа дека во овој процес на промена на сопственоста некои работници ќе останат без работа, што значи дека во основа последиците ќе ги сносат работниците. И во тој контекст и бројни амандмани што се во прилог на решенијата да ги прават да се остварат во прилог на работниците или барем приближно да ги остварат тие права заради очекуваните последици.

VI/2.-

На третото прашање кој да го изведе овој процес на приватизација како што е даден во предлогот во основа државата со механизмите што ги има вградено во Агенцијата и си зема за право да овој преоден период го изведе процесот на трансформација со општествен капитал, а бесплатните акции што се нуди како едно од решенијата обезбедуваат материјална заштита на работниците и тие да можат да учествуваат во оваа преодна фаза и на одреден начин со идните сопственици што ќе нудат пари да стапат во контакт за да ги продадат акциите. Ја сум уверен дека акциите што ќе ги имаат работниците побрзо ќе бидат продадени во контактот со идните сопственици отколку акциите кои ќе ги има државата и сигурно праксата тоа утре ќе го потврди затоа што на голем дел од наши работници пред се му е интерес да го остварат своето право на вработување и на одреден начин да остварат средства за своја егзистенција.

Посебно, неколку реченици би укажал на делот на овластувањето на Агенцијата, кој и каде што се споени во основа две функции и тоа пред се, функцијата што е задолжение на Агенцијата за организирање и контрола на процесот на приватизацијата и второ, односно втората функција тоа е располагање и управување со средствата остварени од продажбата и управувањето со субјектите до остварување на самиот процес на реализација на овој процес. Тоа што овој принцип се разликува и има своја посебна стратегија во отсуство на свежи пари сметам дека е исправно и Комисијата посебно го поддржа, а тоа е едно што се разликува од останатите принципи кои што се применуваат и ако може да се каже дека се разликува како посебен македонски принцип е тоа што може да се продадат управувачките права на субјекти кои што ќе вложат само за средните претпријатија 20% од вредноста и 10% за големите претпријатија.

VI/3.-

Тој механизам или тој начин сигурно влевла надеж на одредени промени кои можат да бидат брзи, но и можност да и самите вработени во претпријатијата го изберат како еден од моделите и како еден начините да обезбеди на еден начин побрза трансформација и Комисијата посебно го поддржа, а не ги поддржа механизмите кои што постоеа во делот на заштитата со надзорниот одбор, но, како што рече у министерот Јане Миљовски во воведниот збор прифатен е предлогот да се изменат механизмите и тие да одат во делот на материјалната заштита.

Посебно би укажал и на делот на расправата што беше прифатено. Комисијата работеше на 3 седници и од страна на предлагачот прифатен е предлогот да се реализира во склад со постојните законски прописи и поранешните и правниот континуитет на претходната приватизација односно претходната трансформација. Мислам дека тоа еден голем напор и на Комисијата и разбирање од страна на пред да немаме ние ретроактивни дејствија која што ќе го спречат процес што беше во склад со законските прописи.

И на крајот имајќи го во предвид фактот за очекувани последици за донесување на оваа политичка одлука што во суштина менува производните односи со очекувани сериозни економски и политички последици потребно е донесувањето на законот со измени ќе бидат во правец на вградување на еден дел од минатиот тру вработените и тоа не само на оние кои што со материјалното производство туку на сите вработени со примена на попусот како начин остваруваше на тоа право повикани сме да укажеме на одговори ја носиме и во тој контекст да предложиме одредени исправки да ја загрозат основната цел, приватизацијата, туку правична распределба во преодната фаза во процесот на трансформацијата биде во функција да го забрза самиот процес на идентификација

VI/4.-

И тоа, без поголеми приговори на самата распределба во поглед на правичноста бидејќи едните и другите, и вработените и државата како на иматели на акциите истите ќе ги изложат на пазарот на хартија од вредност и таму ќе биде донесена конечната одлука. Оттука нема никаков спор кој ќе го обави тој процес на приватизацијата. Еден дел за акциите вработените,а другиот дел од државата преку Агенцијата и пазарот ќе покаже кои од тие акциите ќе бидат поинтересни за купувачите.

И, на крајот, поаѓај*и од фактот дека не постојат готови решенија за спроведување на овој процес на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, неопходно ќе биде негово изменување и дополнување со единствена цел да се обезбеди поголем степен ан спроводливост, а воедно да се запази принципот на правичност. Тоа го покажува и праксата во последните две години, посебно со измените што се направија во тој правец во Унгарија, сега во Бугарија и сметам дека и ако така со измени го донесеме нашиот Закон и тој ќе предизвика одредени промени. Законот треба да се донесе и да се отпочне со процесот на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, а слабостите кои што ќе се појават во процесот на примена на законот треба да се решаваат во 6д со комбинација на повеќе форми и методи на приватизација познати во светската теорија и пракса на приватизацијата на капиталот. Впрочем и некои меѓународни институции меѓу кои Светската банка заради постигнување на подобар резултат во приватизацијата препорачува да се применуваат комбинација на повеќе форми и модели. Непобитно е мислењето дека приватизацијата преку моделот на продажба многу тешко и бавно ќе се реализира а најверојатно ќе произлезе потреба барем дел од средствата да се поделат бесплатно на вработените како што се случи во другите земји кои пристапи кон приватизација на капиталот.

Сметам дека од седницата треба да произлезе работен заклучок во делот на обврската на Владата за после донесувањето на законот за итно изготвување, а за сега немаме ништо во поглед на тоа во јавноста на пропратните документи кои што треба да бидат во функција на спроведување на овој закон и сметам дека на тој плак после донесувањето треба да се работи многу повеќе и законот да стапи во сила односно да може да се применува во пракса.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, денеска пред нас се наоѓа Предлогот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, еден од клучните закони со кои градиме нов стопански систем. Со овој закон правиме радикални промени во стопанскиот систем, а со тоа и сопственичката трансформација со што ќе се допринесе за изградба на нов стопански систем. Со оглед на тоа што со овој закон се воведуваат условите, начинот и постапката за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, како и со оглед на тоа што законот е во завршна фаза на постапката за неговото донесување потребно е доста внимателно со посебно внимание да ги разгледаме сите предложени амандмани како и предлозите и сугестиите на Стопанската комора и другите заинтересирани субјекти бидејќи со законот ќе настанат коренити промени во начинот на управувањето и раководењето со претпријатијата.

Како што беше истакнато овој закон беше скоро една година на расправа со што се остави доволен простор на сите заинтересирани субјекти навреме да ги достават сите свои предлози и забелешки. Имавме доволно време да го разгледаме овој закон и да расправаме по истиот и во претходните две фази со што сметам дека и во оваа завршна фаза ќе дадеме допринос истиот да биде што поефикасен во неговата примена.

Се разбира дека и покрај нашите напори нема да донесеме идеален закон за трансформација, истиот и понатаму ќе треба да го прилагодиме на потребите, тоа го прават и другите најразвиени земји во светот. Ова е долгорочен и тежок процес. Сметам дека предлагачот по повод расправата по Нацрт-законот ги имал во предвид сите забелешки и укажувања на сите заинтересирани субјекти, на собраниските комисии па и на самото собрание и сметам дека на одре ден начин ја заокружи оваа проблематика. Меѓутоа, она што сакам да го истакнам во оваа прилика е тоа што ги поддржувам настојувањата да не се оди со поголем процент од оној што е предложен во однос на она што е бесплатно делење на акциите на вработените бидејќи она што го имавме цели пет децении под мотото фабриките на работниците не донесоа во состојба во која што се наоѓаме. Затоа во овој дел треба да бидеме доста внимателни.

Исто така она што го гледав од обилните амандмани има настојувања да се делат бесплатни акции на одредени институции кои според мене отстапуваат од основниот концепт. Иако според Уставот покрај другото сме и социјална држава преку понудените амандмани се отстапува од понудениот концепт. Сметам дека авторите на амандманите погрешно го интерпретираат овој поим односно социјална држава. Со овој закон прво треба да се создаде материјална база, материјална основа па потоа може да зборуваме за социјалниот аспект на она што е внесено и во Уставот.

Второ што сакам да истакнам е тоа што го истакна и господинот Стефковски и во однос на веќе извршената трансформација. Навистина нема јасна слика на она што досега беше трансформирано. Имаме една замаглена слика на тој план и во потполност ги оправдувам ваквите реагирања. Нас ни е речено досега дека имаме 25% од вкупниот капитал кој што е трансформиран и ништо повеќе. Владата не излезе со една

исцрпна анализа на она што досега е трансформирано, каде е трансформирано, во која гранка, во која област итн. И сметам дека за тоа се ваквите реагирања.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи претседателот на Комисијата за стопанство во чија работа и јас учествував поднесе добар дел од она што таму беше дискутирано и како принцип се залагавме овде да се каже и понатаму во одредени амандмани евентуално да се усвои јас ќе се обидам да бидам пократок во она што јас сметав да го кажам, а веројатно во кажувањето нешто ќе повторам.

Трансформацијата на општествената сопственост е најважното прашање на општествениот живот во кое треба да имаат во предвид не само економските туку и социјално - политичките аспекти. Со трансформацијата се врши промена на старите и создавање на нови производни однсои. Оттука произлегува важноста на ова прашање и потребата за голема внимателност при изборот на решението за трансформација и методите за негова реализација со цел поминување на пазарно сто- панство како поефикасно стопанство, но исто така треба да се смета за социјалниот аспект, аспектот на правичноста, аспектот на правната сигурност итн. Овие прашања беа истакнувани во досегашните фази на донесување на овој закон. Но, сметам дека недоволно или бар во недоволна мера се прифатени, за вистина на волјата треба да се признае дека има одредени прашања и кои што се прифатени, но сметам дека доколку не се доградат дополнителни решенија во смисла на позначителни погодности за купување на акциите на вработените, а пред се на вработените во стопанството кои без сомнение се доминантни ствараатели на општествениот капитал кој се трансформира со овој закон, степенот на применливоста на овој закон ќе биде многу мал.

VI/8.-

Најчесто во досегашните дискусии па и пред тоа се реагира на ова дека работниците во стопанството не се доминантни ствaратели на овој капитал, јас ќе се обидам да објаснам дека сметам дека се доминантен. Сигурно дека не можам да кажам колка е нивниот удел, колку на другите како општество но не можеме да го пренабрегнеме фактот дека тие навистина прво им беше дадено да управуваат со претпријатијата и со самото тоа им беше дадено за право да донесуваат одлуки дали да создаваат нови вредности, дали да создаваат нови претпријатија, дали да инвестираат во проширување на претпријатието или да ги делат во лични доходи. Ако тоа им беше дозволено не можеме сега да кажеме дека исто е тоа дали донесувале одлука да се откажат од личниот доход, а да градат и да го проширувaат претпријатието или можеле тоа да го поделат во лични доходи. Според тоа, бидејќи имале такво право и донесувале такви одлуки и за тоа има и документација не можеме да кажеме дека тие стварно немаат свој дел, немаат свој минат труд во тој дел и дека по некој основ им следува на некој начин приоритет во однос на оние кои не биле таму и кои не створале. Такви примери можат да се кажат многу.

Често пати во оваа фаза исто така кога се дискутира на ова прашање ќе се каже добро долгот направен ан државата, долгот према девизните штедачи е во стопанството. Јас категорично ќе речам дека не може тоа да се прифати како такво, дека целокупниот долг на државата и целокупниот долг на штедачите во стопанството. Колку и да може да се каже дека се наоѓа и во стопанството може да се каже и дека е во вонстопанството, а исто така може да се каже со чиста совест дека добар дел од долговите према штедачите се и во капиталот на самите штедачи затоа што добар дел штедачите го/ кога штедеа искористија како депозит во банките својот девизен долг да направат свој личен капитал. Дали се тоа станови, куќи, да направат свој личен капитал, па понатаму откако ги

присвоија тие објекти како свои остана мислам и каматата и капиталот вложен во банките остана да го должат во банките. И сега она што е направено со тој депозит е нивно, а тоа е сега долг на стопанството. Сигурно дека во направениот долг во државата и направениот долг према штедачите стои но тотална е неправда да се каже односно да се констатира дека целокупниот долг е во стопанството, а никако не е во целокупното општество, во општествениот стандард, на крајот на краиштата и во поединци.

VII/1. JJ/ЉР

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ**: (продолжение)

Понудениот попуст од 20% што практично значи максимално 10% признат минат труд на вработените во стопанството е многу мал и неопходно треба да се зголеми, зашто сметам дека степенот на применливост на овој Закон ќе биде мал. Во граѓаните има малку капитал или мал дел на граѓани имаат капитал кој што ќе го купат само нај- атрактивниот дел од стопанството што се трансформира..

Второ, техничко - технолошката спремност на поголемиот дел на стопанството не е на ниво што задоволува. Во многу претпријатија се неопходни дополнителни вложувања за да се довеле во состојба во континуирано производство.

Трето, она што беше поатрактивно веќе се трансформира со претходниот закон. Интересот за преостанатиот дел ќе биде многу по мал. Овде да дадам исто така еден пример дека интересот за преостанатиот дел или за понеатрактивниот дел во стопанството дека ќе биде мал, може да се потврди со Законот за становите што го донесовме. Ако направиме една мала анализа ќе видиме дека она што би значело атрактивно, она што значеше во поголемите центри, има одреден процес, се случува нешто, али ако погледнеме малку и направиме анализа што се случува во помалите места ќе видиме дека заинтересираноста е никаква, бидејќи некои установи и тие објекти таму така атрактивни како оние во градовите каде што можат да се наменат, било за живеење, било за деловен простор, било за продажба, додека таму е исклучиво за живеење и во колку има од што да се живее, бидејќи има во малите места станбен простор во кој живеат работници, кои во колку претпријатието каде што работат после одредени трансформации

дојде до нивно затворање или во таква состојба дадат добар дел од работниците останат на улица, практично не ќе имаат потреба од овие станови во кои живеат и бидејќи не ќе имаат егзистенција и ќе морат да бараа на друго место егзистенција. Така да од тие причини тие не купуваат. Така ќе биде и со овој капитал, бидејќи неатрактивниот капитал, не ќе можат нашите вработени, нашите граѓани да го купат ниту ќе има интерес некој од надвор да вложува капитал во стопанство кое не е техничко технолошко спремно што ќе го задоволи.

Од овие причини за да се зголемила ефикасноста на Законот, неговата применливост, предложив повеќе амандмани кои во расправата во Комисијата за стопанство во добара дел беа подржани а делови повлеков. Истите тие во ништо нема да го нарушат текстот што е предложен од страна на предлагачот на Заклонот, а ќе го напра по применлив. Амандманите нормално ќе ги образложувам кога ќе дојде расправата по текстот на Законот, а овде само ќе насочам по кои правци се дадени овие амандмани. Тоа е прво поповолни услови да може да се купуваат поголем дел од акциите во претпријатијата, затоа што сметам дека 20% предвидени во Законот се минимални. Зголемувањето на цензусот што е даден таму од прилика 15 иљади марки некој поединец да купи марки, сметам дека е непотребен. Јас би дозволил кој може и кој има средства да купи и колку да купи , а зашто е ограничувањето на 15 иљади марки за оние што ќе можат да купат, не ми е јасно и затоа се залагам, за да не стварам нови односи во концептот, тој да се зголеми, односно да се дуплира. Впрочем тоа беше и досега дозволено со досегашниот закон за трансформација, бидејќи ако се земе да се направат мали пресметки, тогаш според тој закон, ако сака ме да бидеме правични спрема оние што поминаа одреден процес на трансформација во однос на овие што не поминале, сметам дека тогаш можеа да се

купат и до 40-50 илјади марки, а сега е 15 илјади. Иако направиме споредба со другите закони во републиките што произлегоа од бившата Југославија, секаде овој цензус е поголем, што е 40-50 па и 60 илјади. Не знам што е бојазноста дека ако се купат повеќе акции од вработените или од нашите граѓани, во овој случај од вработените дека е тоа лоша трансформација, а ако дојде некој друг да ги купи, тоа е некаква поволнсот. За мене е поприфатливо ние да се обидеме прво предност и можности да добијат вработените во организациите ако се заинтересирани да купат одредени акции. Ако не се прифатат одредени решенија во овој правец ние ќе имаме закон а практично нема да имаме трансформација, бидејќи добара дел од акциите ќе се пренесат во Агенцијата, ќе се вратиме, според мене, во државна сопственост. А праксата покажа дека досега државата во никој случај не може да бидеа добар сопственик.

На крајот сакам да се произнесам и околу досега извршена трансформација за тоа што за неа многупати се дискутираше. Во комисиите исто така имаше жолчна расправа, а еве и денеска првите дискусии во смисла на тоа. Пред да се произнесам да кажам дека доаѓам во организација во која таа трансферација не е направена. Така да не го дискутирам тоа што ќе се произнесам како свој личен интерес, како што често пати се заговара дека ние дискутираме од лични интереси. туку како личен став како би требало да се гледа досега оваа извршена трансформација.

Прво сметам дека се она што е направено согласно закон што тогаш бил на сила како закон, дали на нас ни се свиѓа, мене или на некој друг, или не ни се свиѓа, логично би било, прифатено. Заради тоа што колку год тој закон тогаш, можда не бил добар, утре ќе дојде некој после нас, па ќе каже дека овој закон што ние денес го носиме не е добар. Тој исто така ќе бара се да се промени. Според тоа ако го усвоиме

принципот дека тоа што е напрвено по закон треба дасе прифати, без разлика колку нам ни се свиѓа. Сигурно дека, а исто така сакам да го кажам и мојот втор став, се он а што е направено надвор од законските определби треба да се направи обид тоа да се исправи. Затоа ја подржувам контролата што се пред- лага во овој Закон не заради тоа што јас знам што ќе најде контролата, чисто сакам еден таков став заради заштитување на оние што работеле според закон. Ова затоа што сега дали некој го почитувал Законот, дали некој работел по Законот, дали некој работел надвор од Законот, сите се ставаат во ист кош, се ставаат на ѕидот на срамот, сите се ставаат на страната дека проневеиле, дека направиле грабеж итн., што е една тотална граѓанска неправичност, така да кажам . Мора да се обидеме да ги разграничиме оние што работеле по закон и оние кој не работеле по закон. Ако го прифатиме тој закон, тој е предложен, мислам дека ќе се прифати да се направи контрола,ако треба и ревизија на определени претпријатија, тогаш треба да го трнмеме гревот од оние што работеле по закон, затоа што и овој закон треба некој да го спроведува. Така да сум против ревизија на закони, а сум за ревизија на постапки и доколку законот е кршен, нормално се знае за тие што го кртат законот треба санкција

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници познато е дека состојбите во стојните ни се неповолни. Поголемиот дел од таквата состојба е последица од постењето од општествена сопственост, односно постоење на несопственички концепт во стопанството. Праксата покажа дека

приватната сопственост односно приватната иницијатива во стопанство не може со ништо да се надмине. Тука успесите и резултатите се ВИДЛЈ Затоа излез од постојните статнантни состојби во стопанството треба да се бараат само преку изградба на нов систем, нов стопански систем односно пазарно стопански систем. За да може да се изгради организиран пазарен стопански систем и ефикасно стопанство, неминовно се налага трансформација на општествената сопственост во други видови на сопственост, т.е. приватна мешовите задружна итн.

За таа цел расправаме денеска за законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Во врска со Предлогот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал што е денеска на расправа на ова собрание, сакам да дадам осврт на член 26 став 2 од Предлогот на законот каде се одредува висината на попустот во купувањето на акциите или уделите. Во поменатиот член утврдено е дека корисникот на попустот може да има попуст, основен попуст од 30% од номиналната вредност на акциите, односно уделите зголемена за 1% за секоја година работен стаж.

Ваквиот став на Владата изразен во член 26 став 2 од Предлогот на законот на трансформација, според мое мислење не е во ред. И не е прифатлив за најголемиот број работници вработени во претпријатијата, како и за поширокото граѓанство кои со годни наназад издвојувале од доходот за созревање на тој општествен капитал, преку инвестирање во изградба на објекти, набавка на опрема и сл., и по цена на ниски лични доходи. А сега со овој закон сакаме да ги лишиме работниците од она што го создавале, да и оставиме на милост и не милост, на ниво на некаква социјала без услови за нивна егзистенција. Ова го нагласувам од аспект на тоа што тој што има пари  ќе купи акции односно удели. Работникот кој што едвам одржува гол живот не може да купи акции, односно удели.

VII/6.-

Ако пак се има предвид дека Владата повеќе е настроена спрема трансформација на општествениот капитал, таа да се одвива на платена приватизација со рамноправно учество на сите граѓани во купувањето на акции односно удели, тогаш тешко на работниците Однапред се знае дека ќе останат на улица и ќе бидат социјален проблем на општеството. Од ова може да се заклучи дека со овој закон Владата има намера да дојде до каков - таков сопственик на претпријатијата и тоа е фактички приватизација на општествениот капитал без учество на работниците што го создавале тој капитал. Владата со ова не прави разлика меѓу трансформација и приватизација. Тоа за неа е исто. Бидејќи ако работниците не можат да купат акции или удели, тогаш ќе ги купи некој друг што има пари. Јас инсистирам член 23 да претрпи измени во однос што поголем дел од акциите или уделите да се отстапат на работниците вработени во претпријатието и тоа бесплатно. А еден помал дел т.е. остатокот што останува за претпријатието да се отстапи со попуст, бидејќи само на таков начин ќе може работникот на дел од оној капитал што го создавал со години да стане акционер, односно да стекне свој удел во капитало1 што го создавал и со тоа да му создадеме услови за егзистенција и да може со својот труд во новите услови како сопственик на дел од капиталот да го проширува вака трансформираниот капитал. Познато е дека постојните услови во стопанисувањето незадоволството на работниците добива подруги димензии и карактеристики од досегашните. Со ваквиот начин на трансформација не само што нема да застанат, туку ќе бидат позаострени и катастрофални. Оваа реалност веќе подолго време присуствува кај работниците кои впловиле во сферата на приватизацијата, но поради нерасчистените работи не се ниту на небо, ниту на земја. Јас не дека во овие проблеми најдобро ќе се

снајдат грабливците, а останатите или ќе бидат ликвидирани, или ќе станат плен на грабливците. Затоа пред донесувањето на законот за трансформација треба да се испитаат сите можни настани што може да искрснат и да се донесат такви одредби во законот кој што ќе го заштитата и претпријатието и работниците од грабеж и од малверзациско управување со него.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Почитувани пратеници, Законот за трансформација на претпријатијата со општествен материјал кој го разгледувавме на 61-та седница на Собранието на РМ, за мене претставува со уставна државата. Со овој закон и практично пристапуваме кон промена на системот на РМ.

Донесувањето на овој закон, ќе претставува изведување на революција без војна и без испален куршум, но не и без "жртви"

Мора отворено да признаеме дека прифаќање темелни промени на политичкиот, а пред се економскиот систем во нашата држава овие така значајни и големи промени ќе ги постигнеме со донесувањето на овој закон како што е веќе сосема очигледно без револуција, без испален куршум но повторно ќе речам дека сепак нема да биде без "жртви".

Ова последното го велам, бидејќи не сум убеден во неговата целосна правичност, а(заради тоа што е во прашање чисто економски закон во кој само провејува и "нит" на социјалата. Сепак,. се прави напор да има и правично, но длабоко сум уверен дека правичноста не е поента

на овој закон. Поентата е сепак во побогатиот, односно посилниот. Веднаш на почетокот се наметнува прашањето што е целта на овој закон?

Постојат повеќе варијанти на одговори на ова прашање. Наједноставен договор би бил- целта на овој закон е да се приватизира општествениот имот, односно да се продадат претпријатијата, да се определи нивниот титулар, односно да се осознае нивниот сопственик, да не речам газда.

Притоа да кажам, за мене уште позначајна цел во овој момент за нашата државата и за граѓаните е да се сопре огромното опаѓање на материјалното производство, да се стабилизира пазарот, да се стави крај на инфлацијата, и да се истера стравот и апатичност и базперпеткивнсота кај граѓаните, а како резултат на тоа да се постигне мотив за отворање на нови перспективи и подобар живот за сите граѓани на нашата држава.

Оттука давам целосна поддршка за што поскоро донесувани на овој закон. И апелирам до сите пратеници, од сите пратенички групи да бидеме крајно конструктивни, рационални и што е можно по- креативни за да го дадеме нашиот максимум во доградувањето ан економскиот систем на нашата држава, а преку него и на него целокупното уредување на РМ. Реков дека донесувањето на овој закон покрај позитивните ќе има и негативни последици, односно дека некои ќе бидат условно кажано "жртви" на овие промени.

Како прво и основно мора да им соопштиме на одреден број сега вработени во претпријатијата дека со нивната трансформација ќе останат без работа, дека не треба да очекуваат најправично обесштетување за досегашниот нивни вложен труд.

VII/9 . -

Оттука е и моето настојување и барање дека овој текст на законот не ги дефинира до крај субјектите кои го створиле овој капитал кој што е сега предмет на приватизација. Зошто доколку се тие познати ќе може да се предвиди и нивно поправично обесштетување.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (Продолжение)

Затоа, морам да напоненам дека никако не можам да ја прифатам, целосно констатацијата што некои структури ја нудат, дека не се вработените, единствено тие кои го создале тој капитал, па јас делум но ја прифаќам оваа определба и затоа предлагам амандман со кој бара: барем една десетина од проценетата вредност на претпријатието кое се продава да им припадне во вид на бесплатни екстерни акции кои вработените и пензионерите ќе можат по две години слободно да ги продадат за да обезбедат каква таква сигурност и на некој начин бидат убедени дека се обесштетени за она што по сила на овој закон ќе им биде одземено.

Несомнено е дека овој закон е значаен не само за граѓаните вработените, пензионерите, туку и за сите политички субјекти и за сите партии парламентарни и вонпарламентарни што постојат во нашата држава и од нивното однесување кон овој закон можни се очекувањата на резултатите на следните извори.

Во зависност од тоа која партија како ќе се постави кон овој закон така треба да очекува нејзина поддршка на следните избори Тоа уште еднаш ја потврдува мојата констатација дека сите граѓани нема да се најдат во иста положба туку во зависност од местото и можностите, а пред се од дефинитивните решенија кои ќе бидат прифатени во конечниот текст на законот. Ова е дотолку позначајно што во зависност од големината и прифаќањето на поддршката ќе зависи него- вата практична примена. Времето и брзината со која ќе се реализира овој закон се исто така многу значајни. Тука има многу различни мислења од оние кои се залагаат за што пократки рокови предвидени во самиот закон и што побрза негова реализација до оние кои се залагаат за што побавна

примена пред се заради избегнување на огромните последици што можат да настанат од неговата непотполна правичност.

Неоправдано ќе биде ако не спомнам дека во поглед на правичноста и заштитата на вработените од што и директно зависи спроводливоста на овој закон не е ништо преземено. Напротив, со цел да се обезбеди поголема спроводливост на законот за трансформација односно продажба на претпријатијата со недефиниран сопственик предвидено е еден дел од средствата што ќе се остварат со самата трансформација да се насочат за обезбедување на правата на оние за кои јас условно ги нарекувам дека ќе бидат "жртви" на спроведувањето на овој закон. Но, токму тука е прашањето колку се тие и дали се доволни? Неизвесноста е дотолку поголема што немаме можност за било какво компарирање односно споредување со било кого, бидејќи нашиот случај, да неречам нашиот процес на трансформација е навистина специфичен и да не речам единствен кој се спроведува односно кој ќе биде спроведен според проектот кој е содржан во овој закон. Оттука е поголема неизвесноста за оние кои целосно ќе застанат токму зад текстот на овој закон.

Оттука, дотолку повеќе не е потребно да се зборува за при- чините поради кои треба да се донесе овој закон. Донесувањето на овој закон е пред се последица на отопочнатите процеси на трансформацијата во целиот свет на така наречениот источен блок односно земјите со така нареченото социјалистичко уредување и еднопартиски системи. Тој процес е веќе отпочнат и на сите треба да ни биде јасно дека враќање назад нема, туку треба да се оди напред и притоа треба да се има предвид сопствените специфичности.

Потоа, неповолната општествено - економска состојба во стопанството на Република Македонија што особено се продлабочува

во последните неколку години во најголема мера придонесува за што побрзо отворање на овој процес за трансформација, бидејќи токму за ваквата состојба во стопанството каква што е денеска се цени дека главна причина е токму нејзиниот неопределен сопственички концепт.

Праксата го потврди фактот дека претпријатијата во општествена сопственост какви што се нашите сеуште не можат успешно да се носат со привативните претпријатија поради тоа што врз субјектите на општествената сопственост не делуваат оние движечки сили што делуваат врз носителите на приватната сопственост.

Во услови кога во претпријатијата не беше до крај јасно определен сопственикот се покажа дека не постои целосна заинтересираност за ефикасно работење и зголемување на постојниот капитал.

Оттука произлегува дека донесувањето на овој закон станува неминовност и треба да се оствари со целосен консензус на сите партии како парламентарни така и вонпарламентарни, како и на сите работници, пензионери и останатите граѓани на нашата држава.

ВО таа насока сакам да ја замолам Владата на Република Македонија како предлагач на овој закон да пристапи со полн респект кон сите поднесени амандмани, а поготово кон оние кои навистина претставуваат гарант за донесување и спроведување на законот. Само со подеднакво разбирање и на Владата и на пратениците можеме со успех да ја доведеме работата до крај и законот да го донесеме на задоволство на сите учесници во неговото подготвување, креирање и дефинитивно обликување.

Јас се надевам дека разбирањето нема да изостане и Законот во неговата најдобра форма ќе биде донесен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

06јавувам пауза до 15,00 часот, и ве молам да бидеме точни.

(Седницата прекина со работа во 13,55 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,45 часот) Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Сакале да признаеме или не, во Македонија приватизациониот процес не започнува со овој Закон кој е понуден за расправа во Парламентот. Сакале да признаеме или не многу закони од бившата Југославија имаат влијание врз статусот на поодделни стопански субјекти. Некои ЗЗЈСОНИ, законски акти, уредби или дејствија ка бившата сојузна правна регулатива ги погаѓаа нашите стопански субјекти и им нанесуваа штети, на некои им носеле економски ползи. Токму затоа не може да се отфрла законската регулатива која некому не му се допаѓа од која и да е причина. Законската рамка која била прифатена (не била навреме отфрлена) треба да се почитува без оглед на последиците кои тоа ги немале. Но, се разбира, таа законска регулатива може во меѓувреме да биде менувана, корегирана, подобрувана.

Бившиот Закон за општествен капитал со кој се промовирани оригиналните интерни акции имаше задача повеќе да изврши психолошка релаксација кај населението и вработените, да обезбеди чувство дека приватизацијата не е нешто страшно, да гарантира дека т.н. Марковиќиев "нов тип на социјализам" всушност и не е нешто многу поразличен од дотогашниот систем'"на договорна и самоуправна економија, - посебно" и затоа"' што " еден извесен број економски " теоретичари дотогашни критичари на самоуправната економија, одеднаш почнаа да говорат за можен пресврт во самоуправувањето по еволутивен, реформатадрски пат, кој мошне брзо, или без потреси ќе го доведе стопанството до социјализам од шведски тип. Се разбира дека "новиот тип на социјализам" не би се потпирал врз правото на делегирање за заштита на "општите, заедничките, колективните и личните интереси на вработените "туку врз "светски" општо познатите интерни акции широко разделени врз работништвото, кое патем на тој начин би ја материјализирал видеата за капитализација на минатиот труд.

Се разбира. видеата вешто срочена станува мошне прилепчива, а посебно и затоа што преку, книговодствените еквилибристики никому не му нанесува економски притисок. (Вработените добиваат интерни акции дури и без да знаат). На тој начин се бетонира самоуправниот социјализам со квази

вредносен инструмент интерна акција. Меѓутоа, од суштината на акцијата останува само името со преддавка "интерно" а оваа акција ама нема баш ништо слично со во светот добро познатите акции како сопственички хартии од вредност. Но, за тоа подоцна. Дури со интерните акции се промовира идејата за самоуправен социјализам, не како што се мисли во 1955 година после идеолошки исфрлената парола за "фабриките на работниците". Зошто? Па, одговорот е мошне едноставен. Од т. н. фамозно "предавање" на фабриките на работниците како една најординарна идеолошка фарса со која се создаде свест за работничката сопственост, фактички ништо не било променето за да оваа сопственост биде вистинска de facto de jure. Работниците и натаму имаа третман на вработени, а не на сопственици.

1. Основно правило при дефинирањето на сопственоста како приватна категорија да постои именување на приватниот сопственик со име и презиме.

2. Следно правило именуваниот сопственик да може со својата сопственост слободно да :располага, односно да може да ја уништи, продаде, подари.

3 . Сопственикот слободно го избира управниот одбор (и го менува) и преку управниот одбор може да влијае врз управувачката гарнитура.

4. Во случај на стечај и ликвидација, сопственикот го добива пропорционалниот дел од остатокот на стечајната маса по помирувањето ка обврските према надворешни доверители.

Станува јасно дека вработените ѓо имале единствено правото, и тоа не комплетно, за влијание врз изборот на управните одбори (тогашните работнички совети), се разбира во мошне комплицирана изборна постапка водена преку синдикатот, но со доминантно влијание на основната партиска организација на СК. Значи, ниту управувањето "сопственикот" го немал во свои раце. Вработениот не можел да продаде дел од претпријатието (како сопственик), а доколку и тоа го сторил најчесто бил прогонуван од органите на власта (за кражба). Доколку претпријатието западнело во финансиски, организациски или проблеми заради влошените меѓучовечки односи, општествено - политичката заедница (општината, држалата) определувала принуден управник. Но, зошто? Па затоа што се јавува вистинскиот сопственик

да ја штити својата сопственост - државата. Додека претпријатието добро работи сопственикот (државата) е задоволен и не интервенира, но кога работите ќе тргнат наопаку - сопственикот ги зема работите во свои раце, а тоа е државата.

Во таа смисла е и делбата на стечајката маса, односно остатокот од стечајната маса по подмирувањето на другите доверители. Остатокот го присвојувала општината (државата), па станува јасно кој бил сопственикот на т.н. општествен капитал и de facto de jure. - ДРЖАВАТА, а на работиците, вработените или некој друг.

Со прифаќањето на емисијата на интерни акции се претпоставува дека се врши титулирање на сопственикот, но фахтички не е така. Во светот интерните акции се познати меѓутоа, тие за да станат интерни акции, работнички акции треба претходно да постои ниеден вистински сопственик кој заради зголемување на мотивираноста на вработените или за да ја зголеми нивната ефикасност одлучува на вработените во целина да им подари дел од своите акции со што вработените добиваат можност да присвојат пропорционален дел од дивидендата, но само додека работат во претпријатието.

Се разбира дека постојат и класични работнички акции, сопственички акции, во случаите кога бившиот сопственик се одлучи да го продаде .претпријатието во целост. На вработените. Тоа тој може да одлучи да го стори со договор за одложено плаќање или на начин кој ќе им одговара на обете страни. Ко, никогаш не се случило бившиот сопственик да го подари претпријатието на вработените. Постои и друг начин како вработените да дојдат во сопственост на (акциите или на претпријатието. Тоа се т.н. ESOP (Emploeer Share Ownership Plan - план за работничко акционерство) шеми кои за жал. честопати се споменуваат како можна бација и во нашиот случај без да се знае нивната суштина. ESOP шемите се всушност можност работниците, кога се исплашени дека ќе ги изгубат своите работни места со промена на сопственикот односно промена во неговата .производна ориентација, да побараат финансиска помош од специјализирани финансиски организации кои всушност го откупуваат претпријатието во име на вработените, а, пак, вработените се обврзуваат преземените обврски да ги измират во определен

период. Овде финансиски организации, имено, привлекуваат приличен финансиски капитал заради можноста нивните инвеститори да го избегнат оданочувањето на корпорациската добивка слично како и кај фондовите за земјоделието, станбените фондови или заедничките фондови. станува јасно дека кај нас би можело во иднина да се вградат и ESOP приватизациони шеми на работничко акционерство, но со претходно развивање на приватникот сектор (посебно корпорацискиот), со изградба на комплетно ново даночно законодавство кое овозможува законско избегнување на даноците со реинвестирање во вакви фондови и со претходно јакнење на финансискиот сектор. Пред тоа не верувам дека некој ќе го финансира работничкото акционерство. Инаку, во светот се познати и многу вакви компании кои функционираат со работнички акции, а за нас попознати се LWVI'S и ZAIS.

Интерните акции издадени според Законот ка Анте Маркозиќ. Се класични несопственички акции. Тие не можат да се продаваат или не се негацијабилни. Значи, нивниот сопственик го нема основното сопственичко право - правото на располаган>е. Тие можат единствено со полн индосамент да се пренесуваат меѓу вработените во претпријатието. Токму затоа и не ја содржат основната функција на акциите, а тоа е пазарна валоризација на финансискиот кредибилитет и бонитет на фирмата која ги издала. Тие единствено книговодствено се ревалоризираат индиректно преку книговодствената законска ревалоризација на капиталот. Но, акциите и нивната вредност ќе кореспондираат со законските обврски за прилагодување со инфлацијата туку мораат да трпат последици од квалитетот, сигурноста, профитабилитетот на работењето на компанијата во однос со другите компании. Кај интерните акции е .задржана единствено логиката интерните акции да водат самo политика (мошне- диверзифицирана) на кадровските решенија и соочување на работното место, а не и на задржување на капиталната логика.

Од друга страна интерните акционери остануваат без ништо доколку претпријатието отиде во стечај и биде ликвидирано. Тогаш нивните интерни акции не значат ама баш ништо и приватизацијата а почнува од самиот почеток.

Оттука, новиот Закон за приватизација - кој го разгледуваме, воведува нормални акции, акции кои постојат во целиот свет, повластени и обични. Но, сепак законската регулатива која важела и која ги вовела интерните акции не може да се занемари. Во таа".смисла е и прашањето на континуитетот со Марковиќевиот закон и нашиот нов Закон кој предвидува конверзија на интерните акции поголем број недостатоци од кои дел понапред споменав во

акции со комплетно нов квалитет по плаќањето со закон пропишаните обврски, со автоматско признавање на нивните сопственички атрибути, преносливоста, управувачките права, правото на дел од стечајната маса. Овој нов квалитет се добива без претходно да се коригира ниската книговодствена вредност по која тие биле емитирани, а со едновремено признавање на нивното зголемено пропорционално учество во новата проценета вредност на претпријатието. Се разбира дека за овој пораст на квалитетот на хартијата од вредност треба и да се плати одреден износ за висината на законските обврски. Квалитетот што се добива е многу поголем во однос на износот кој треба да се плати. Дури ниту најлибералните шеми на работничко акционерство во светот не даваат такви можности какви што се дадени со овој Закон. Во светот се познати попусти во ESOP плановите најмногу до 10% од пазарната вредност од акциите кои котираат на берзите, во овој проект директниот трансформационен попуст изнесува над 70%, а кога се земат кумулативните резултати од бившите попусти (искористени) па и нисхата книговодствена вредност попустот е енормен. И сето тоа овозможува директно признавање на трансформираните акции за акции издадени според Законот за хартии од вредност без никаква дополнителна контрола или согласност од Комисијата хартии од вредност предностите кои ги нуди Законот за оние претпријатија кои веќе го отпочнале процесот на приватизацијата се повеќе од големи.

Па тука доаѓа и прашањето за континуитет на процесот за приватизацијата и кај претпријатијата кои не го отпочнале процесот според Марковиќевиот. Закон. Токму затоа и попустите се исти, а се воведуваат и нови приватизациони методи кои бившиот Закон не ги познавале, но кои можат да го забрзаат. приватизациониот бран и да повлијаат за оформување поефикасно стопанисување.

Во Законот се овозможува примена на сите познати методи за приватизација освен методата со бесплатно далеку е на ваучерски купони. Но, лошото не ваучери? Ваучерите се чини дека се Метод кој е најфер за граѓаните кои сега живеат во Македонија. Предлагањето на ваква метода може да биде и мошне политички атрактивна затоа што лесно наоѓа голем број приврзаници. Впрочем тоа е и основното мото на приврзаниците на оваа идеа - приватизационите ефекти ќе бидат брзо видливи (иако се фактички) во кус период, широк круг граѓани' ќе бидат задоволни, промоторот на идејата ќе добие голем број приврзаници,а за тоа што ќе се случи во економијата после 6

месеци, години или две, вината ќе падне на некој друг. Најчесто вината нема да се поврзе со промоторот на идејата. А познато е дека ваучерите делуваат разорно на економскиот систем во целина. Прво, реализацијата на идејата бара огромна администрација, дури и регионално ориентирана кон поголем број хиерархиски организирани државни институции (според искуствата во земјите кои појдеа во приватизацијата со емисија на ваучери). Второ, основање поголем број инвестициони фондови според различни шеми на координираност на секундарните пласмани (имено граѓаните купуваат акции во овие фондови со сопствените ваучери, а овие фондови понатаму купуваат акции од фирмите кои се приватизираат). На овој начин се смета дека се дели ризикот на пласманите бидејќи фондовите ќе имаат некаде купени квалитетни акции, а некаде неквалитетни, па затоа и ризикот ќе биде околу просекот. Се формираат повеќе вакви фондови (инвестициони) за да се подгрее конкуренцијата меѓу нив. Трето, предизвикуваат страотен удар во корпорациските финансии и тоа и кај најдобрите и кај најлошите претпријатија. Ова од причина што пласманите на инвестиционите фондови имаат карактер на пласмани на секундарен пазар на хартии од вредност, без претходно да постои примарен пазар. Или подобро инвестиционите фондови според информациите кои ги имаат (а сите ги имаат истите информации за функционирањето на претпријатието во услови на регулиран пазар, државен чадор и услови на т.н. МЕКИ буџетски ограничувања - значи комплетно деформирани) инвестирани во "најдобрите" компании. Кај нив ќе се појави огромна нереална побарувачка на акции, дополнително генерираат од сознанието дека се пласира бесплатно добиен капитал (ваучери - па никој ништо не губи); па цената на акциите во тие компании нереално фиктивно ќе порасне. Се разбира потоа следи бран на отрезнување кога акциите ќе почнуваат да паѓаат со брзина која е многу поголема од брзината на претходното зголемување.- Тоа е моментот. на хаосот, несигурноста, чувството на излажаност. Тоа е моментот кога најмоќните фирми едноставно ќе пропаднат, а акциите во бесцелие ќе бидат откупувани од реалните инвеститори - со пари. Државата не ќе може да помогне со интервенирање за да спаси дел од многу значајната капитална вредност ка Македонија, односно можеби ќе посегне хистерично кон заштитни мерки од команден карактер. Од приватизацијата ништо, од пазарната' економија ништо, од отворањето кон светот - ништо. Слична судбина само со, спротивни насоки, а,конечна идентична судбина банкротство - може да ги чека и помалку атрактивните фирми.

VIII/11

Амбициозната замисла со ваучери до приватизација - може да се заврти во сопствената спротивност: со ваучери до командна економија, државно - бирократска дистрибутивна економија, економски хаос, затворан>е на сите подотворени врати. Токму затоа и ваучерите не се предвидени како методи на приватизација.

Законот ги нуди сите познати останати методи на приватизација:

1. Продажба (на приватен купувач - преку аукција, понуда или преговор на јавноста - преку продажба на акции; на менаџментот; на вработените; на корисниците на стоките или услугите).

2. Слободно пренесување (на вработените - преку попусти или трансформација на интерните акции во редовни; ка пензиониот фонд - преку емисија на повластени акции; на бившиот сопственик - како право кое се докажува по донесувањето на законите за денационализација).

3. Ликвидација (на претпријатието - при стечај или продажба на сите средства).

4. Делегирање (преку договор за management buy in) франшиза (за јавни добра или лизинг - закуп. со клаузула за откуп на претпријатието во период од 7 год.)

5. Преку имотно - должничка конверзија

6. Преку повлекување од монополистичката позиција.

7. Дерегулација.

Во Законот единствено недостасуваат методите на приватизација преку-емисија ка ваучери и подарок од напред наведените причини. А, денес е присутно барањето за бесплатно делење акции (што претставува посебен вид ваучери кои важат само за вработените во претпријатијата. Овие акции би биле повластени, а не управувачки, меѓутоа'.се заборава дека со таквиот предлог е контраиндициран предлогот за" повисок износ (процентуално) за преземачот на управуван>ето, • кој при бесплатно поделените повластени акции би требало да плати само 30% за да го стекне управувачкиот пакет.

Неговата потреба за натамошно купување акции е беспредметна, Очигледно дека иницијаторите на ваквиот предлог всушност со него одат против интересите на оние за кои тие сметаат дека се залагаат - вработените, Во Законот е одмерен и тој елемент и тоа од повеќе аспекти: големината на одлучувачкиот пакет, недостатокот од капитал, непроверените перформанси на функционирањето на претпријатијата во пазарни услови, неповолниот политички амбиент за привлекување странски капитал итн. Сепак, мора да се има предвид дека Македонија има интерес за привлекување странски капитал, а тој никако не е заинтересиран за инвестирање во компании каде одлучувачкиот збор го имаат вработените. Односно вработените кои се појавуваат во двојна улога како вработени и сопственици на одлучувачки акции. Тоа од причина што спротивставените интереси на сопствениците и вработените влечат кон подобра комбинација на факторите на производство или повисока ефикасност на работењето. Доколку приматот се стави врз платите и сигурноста на вработените тоа ќе се одрази врз повлекување на капиталот, кое има конечна цел во комплетната несигурност токму на вработените. Значи, барањето да се заштитат работниците со делење бесплатни одлучувачки акции резултира токму во смалената сигурност и заштита на работниците.

Конечно нешто и за Агенцијата. Предвидено е таа да биде администратор и менаџер на процесот ка приватизацијата која се одѕива не присилно туку доброволно - одоздола. Одлуките за приватизација ги носат самите претпријатија, методите за приватизација ги избираат самите претпријатија, организацијата која ја врши проценката на капиталот ја избираат самите претпријатија - (според - методологија која е општо светски позната), подготовките за приватизација ги вршат салите претпријатија, некаде во соработка со Агенцијата итн. ~ Зарем тоа не е процес кој го регулираат самите претпријатија, но со обврска за целиот процес да ја информираат Агенцијата која - ја има административната, контролната, советодавната и регулативната функција. Сепак не смее да се направи истата грешка како во Марковиќевиот закон каде што приватизационите процеси беа оставени без контрола. Агенцијата мора да ја. има функцијата на контролор и супервизор, и токму затоа што се работи за голем македонски национален капитал, а кој според определени методи на приватизација ќе може да биде отстапен на управување и раководење на поединци, групи или цели колективи преку претходно изготвени развојни програми, а чиј што квалитет ќе биде услов за потпишуван>ето на договорот - за преземање. Па, зарем ќе се остави можноста да не се контролира из8ршуван.ето .на тие. програми, а врз основа на кои се исклучени други претенденти на преземањето.

VIII/13

Агенцијата сигурно нема да биде финансиски моќна институција. Тоа станува јасно поради самата можност општествениот капитал да се купува и со права, а не само со пари. Правата се замрзнатите девизни штедни влогови на граѓаните, кои воопшто не ја збогатуваат Агенцијата туку само и создаваат обврски. Да се потсетиме дека Агенцијата ќе вработува најмногу 25-30 луѓе, ќе биде комплетно, информатички подготвена, стручна и компетентна што ќе бара минимум средства за нејзино функционирање и тоа потпирајќи се врз досега постоечките финансиски можности, на Републичкиот фонд за развој. Значи, без ангажирање дополнителни средства Агенцијата би требало да го покрие огромниот административен простор (а со него и трошоци) за целиот процес на приватизација. Тоа мора да го обезбеди не само протокот на информации туку и средства за се поголемите развојни потреби на македонското стопанство, за отворање нови работни места, за овозможување промет со хартиите од вредност, да обезбеди едукција на проценители, да организира Јавни продажби, овозможи единствена, униформна информација на перформансите на претпријатијата кои се продаваат или кои се веќе трансформирани за новите домашни и странски инвеститори. Конечно за целата своја работа одговара пред Владата и Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има Панче Насев?

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитувано Претседателството, почитувани пратеници,

Кога Законот беше во форма на Нацрт, јас што реков дека Законот е еден од основните закони што треба после Уставот да ги донесеме и дека претставува пресвртница во развојот на општеството во сите фази на општеството, не само во производствените фази и дека го поздравувам г-динот министер што успеа да изготви еден закон кој е прифатлив, но со некои измени што јас ќе се обидам да ги аргументирам.

Тогаш реков дека сум против тоа, Агенцијата да располага со толкав обем на капитал, биде1ќи тоа ќе претставува подржавување на капиталот, а таа фаза знаеме дека не е толку профитабилна, мислам поддржувањето на капиталот и дека тоа во суштина не го поддржувам, но бидејќи нема други излезни решенија, би се согласил со тоа.

Исто така, реков дека во Македонија, барем кај вработените во општествениот сектор не постои толкав капитал кој може во старт да се стави на располагање за откуп на фабриките или за откуп на правата на управување.

Од тие причини сметам дека треба кај министерот да преовлада мислењето и да го прифати залагањето на вработените во претпријатијата или на вкупните вработени во Републикава да им се дозволи да им се поделат бесплатно приоритетни акции.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:** (продолжение)

Кој ќе можат на извесен начин да ги обесштетат оние луѓе што со години вложувале во развојот на претпријатието, дали од самото претпријатие или од целата Република. Тоа ќе се обидам да го аргументирам со развојот на фабриката во која јас работам. Фабриката е изградена со еден иницијален капитал кој сигурно општествен, меѓутоа, во натамошната фаза развојот на фабриката е граден и од други извори, пред се извори од работниците. На пример во нашата фабрика неколку години се има работено секој месец по една сабота бесплатно, а со тие пари се направени објекти за производство и за општествен стандард.

Второ, во фабриката беа депресирани платите и на сметка на депресирани плати се вршел развојот. Што значи пак од џебот на вработените во претпријатието.

И трето, иако многу пратеници од разни партии сметат дека некој ги искрадел фабриките, особено општествените, мислам дека има многу фабрики, не мислам, туку тврдам, бидејќи тоа можам да го поткрепам и со сопствениот случај, има многу фабрики кој во последните неколку години го зголемија капиталот на фирмите. Зголемувајќи го капиталот на фирмата за неколку пати, практично вработените и раководството во фирмата се оддалечија од фирмата. Фирмата постана скапа а тие се повеќе се далеку како можност да ја купат фирмата или да стекнат право на управување на фирмата. Значи ли тоа дека требаше фирмите во последните неколку години да се доведат на ивицата на пропаст, за да кога ќе се проценат да бидат малку повредни, за да можат тие кои што се вработените внатре, од раководството или други да можат да ги купат фирмите. Која е наградата за оние раководства за оние фабрики кои добро работеле, го зголемување капиталот на фирмата, а сега се се подалеку од истите.

X/2. -

**ХАМИТ АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство. Промената на стопанскиот систем од економски аспект гледано е предизвикана од настојувањето да се постигне повисока економска ефикасност при користењето на факторите на развојот и при преведување на целиот економски систем.

На пазарниот стопански систем својствени му се основни слободи.

Прво, приватната сопственост, второ, слободата на приватното претприемништво и трето, слободата на изборот на приносите. Овие слободи се поврзани со основните категории на пазарниот систем, а тоа е прво капиталот, второ добивката и трето ризикот. Понудениот закон, односно насловот на законот лично мене ме става во дилема. Дали сме ние за пазарно стопанство, према гореизнесеното,втората дилема ми е дали ние вршиме практичко трансформација на капиталот или вршиме приватизација. За мене не е исто трансформација и приватизација. Досега за овие 50 години, дами и господа, сме имале три големи демагогии. Првата 1951 година кога беше паропата фабриките на работниците", втората, 1974 година со законот за здружен труд, и третата 1989 со интерните акции на господинот Маркозиќ. Од тогаш се плашам со овој закон да не биде и четвртата демагогија. Приватизацијата првенствено е политички процес, односно работа на политичка одлука. Оттаму, остварувањето на програмираните цели во голема мера зависи од легитимитетот на политичките власти и нивото на достигнатиот политички консензус. Ова дотолку повеќе што ако се знае фактот дека приватизацијата во својата суштина е мошно против- речен и комплексен процес. Систематски да се направи опсервација на одвивањето на процесот на политичките партии и сегашниот момент на законот што е во последна фаза, не упатува на заклучок дали навистина

сме за трансформација или за приватизација. Оттука и одговорот на прашањето дали овој закон има практична примена. ПДП и НДП во своите прогрми од економски аспект се исклучиво ориентирани за пазарно стопанство и приватизација, врз основа на науката и економските закони и модерното искуство во практиката. Албанците со овој закон не добиваат ништо, бидејќи според податоците на статистичкиот завод вработени сме само 7,0%, а 84,9% во општествениот мешовит дружен труд се од македонскиот народ. Овој закон не е атрактивен за нас, но и покрај тоа ние сме за приватизација. Имајќи го ова предвид може да се заклучи дека во Републиката а слично и кај повеќе некои социјалистички земји најголеми пробиви се направени во дерогацијата на стопанскиот систем. Приватизацијата е долготраен процес со своите компоненти. Работниците како насекаде во светот располагаа' со многу лимитирани средства кој би ги намениле за инвестирање. Како инвеститори, врзувањето на средствата само за едно претпријатие е многу ризично и е спротивно на современата теорија. Приватизацијата не може да се препушти да се одвива стихијно, заради тоа што нејзиното неконтролирано следеше предизвикува реакции во јавноста, содржи опасност од запиурање на целокупниот процес. Секогаш во општествениот развој кога се менуваат општествени формации настануваат големи претумбации и ломови. Ние се наоѓаме во фаза на такви промени и врз основа на нашите знаења и способности во овој период да го заштитиме стопанството од паѓање на економската супстанца. Максимално треба да ја заштитиме за да можеме во следната епоха да влеземе подготвени и со материјална основа за побрз развој на општеството. Инаку, законот има некои слабости, конкретно по мене ингеренциите се доста големи од аспект на агенцијата, што практично доведува до прашање колку ќе биде ефикасноста во практичниот дел,а што се однесува до сите амандмани јас лично сум ако некој предлагач на

амандмани се залага за акции, така наречени бесплатни, јас би се согласил само за такви акции, кој ќе се даваат на сите граѓани на Републиката, а тоа значи треба да се направи друг закон, а не овој закон што е понуден со ваква концепција, бидејќи за мене е голема демаго-ија со интерните акции.

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Ние повеќе пати расправавме за овој закон за трансформација на општествениот капитал и може да се констатира дека ние имаме консензус само по едно прашање, а тоа е прашањето дека сме за пазарна економија, дека сме за слободни економски процеси и тука нема двојбеност, нема никакви спротивставувања, па и ако сакате сите партии и пошироко и во овој парламент се определивме за таа пазарна економија тоа го запишавме во Уставот, според тоа, нема пазарна економија без сопственички односи, а до сопственички односи се доаѓа низ една ваква трансформација. Меѓутоа, ние од поранешните наши заседанија на парламентот кога се расправаше за пред нацрт на законот и за сите негови други облици, ние имавме најразлични идеи, најразлични предлози и најразлични пристапи, а тоа во крајна линија е и нормално, затоа што ние и различно размислуваме, различно расадуваме и низ различни такви предлози и идеи, веројатно требаше да дојдеме до заеднички најоптимални решенија. За жал, ние сме една од последните земји од Централна и Источна Европа кои што имаат административно, планско управување на стопанството кој донесуваат нов закон, при ситуација кога ние веќе имавме еден закон, кој овде од многумина беше и напаѓан и во ситуација кога во таа трансформација бевме многу подалеку отидените од сите земји од источна и Централна Европа и чии ефекти сигурно при една објективна анализа, при едни објективни проучувања едни објективни аналитичари ќе ги покажат ефектите и резултатите.

јас не сум правел анализа, ниту припаѓам кон аналитичари,но можам да кажам кога човек нешто тврди, треба да има и аргументи, дека тие организации кои отидоа во сопственичка трансформација и при оваа тешка економска состојба, тие организации сепак најдобро економски денеска стојат и најжилаво и најборбено ги разрешуваат тие проблеми. Тоа е факт, тоа може секој кој се занимава со економија да го согледа а тоа значи зборува дека било каква трансформација, било какво сопственичко преструктуирање, зборува дека дава поголеми ефекти отколку што нема сопственик, а тоа всушност, го покажа и пазарната економија во однос на планската економија во светски размери.

Според тоа, и сите овие искажувања за некои големи кражби и пљачки, јас најодговорно овде кажувам, дека се производ и на незнаење, или на рекла казала, или на импровизации, или некој пак тоа може да биде од садистичи мотиви или мазохистички, на некој да се нанесе бол, да се навредува итн. Според тоа кога некој нешто тврди треба да има и аргументи, а кога нема аргументи, тогаш е се фалш и тој закон, ако по законот се работеше на Анте Марковиќ, по тој закон немаше никој да прави ни кражби, ни пљачки, а може ако некој го крши тој закон и не го спроведувал, зарем не се многу поголеми штети на ова општество, оние организации кои не се трансформираат, па отидоа во стечај каде што практично капиталот пропадна, или па дури, кои не отидоа во стечај, а денеска практично се во стечај. Според тоа, било какви оценки кога се даваат за вакви проблеми, треба и да се познаваат работите.

Инаку, што се однесува до овој закон, ние навистина многу овде расправавме, јас мислам дека воглавно имаше добро намерни расправи и предлози и тој закон доста време се менуваше, со дотеруваше, се обликуваше, за да ги исполни така да. речам, и сите барања, бидејќи овој проблем е многу тежок и многу сложен бидејќи не може како да кажам да

се разреши на ниеден брз и ефикасен начин во ниедна земја. И тука беше речено и јас ќе повторам, и самата трансформација на капиталот во бивша Источна Германија, видете колку е скопчан со огромни финансиски издатоци и проблеми, една Западна Германија како гигант економски практично го потресе. Денеска гледате како марката паѓа во однос на доларот, а до вчера таа колку растеше и колку се создадоа огромни социјални и политички проблеми во тој дел на Германија што всушност на вас ви е познато. Според тоа, и решенијата кои се понудени во овој закон трпат приговори, но и нема решенија кои можат комплетно да го разрешат ова прашање. Законот е поставен на купопродажба. Купи, земни, носи. Купи, земи, управувај. Купи земи, биди газда. Освен оној дел што е додаден, да можат и работниците со попуст да бидат носители на акции. Меѓутоа, за тоа Перо кажа и тоа е толку евидентно, толку има ограничувачки фактори, имајќи предвид во каква тешка материјална положба се наоѓаат работниците, тоа е неизводливо. Тој рече 5 до 10%, јас би рекол ни 5% не можат да откупат работниците кога не располагаат со средства за минимален живот. Мислам дека на овој закон му недостасува повеќе методи, форми и техники на приватизација. Тој е поставен само на овие основи и вака поставен, тоа е сосема исправно. Никој не може во тој поглед да стави приговор, за што тоа економски е најисправно, економски нај- добро, но само едно големо но, кога би се имало доволно средства и капитал, како што некој кажа овде И кога би било тоа така и кога би имале ние наш брат како што имаше Источна Германија, со онаква силна економија, со онака богати организации, богати поединци да може да вложи еден таков капитал, тогаш постапката на овој закон и вака како што е поставена не може да се постави никаков приговор, би бил најисправен и економски најадекватен начин. Меѓутоа, законодавецот е свесен за тоа. Јасно му е дека нема капитал и тој прави

еден перпетумобиле, а тоа значи да можат да се откупуваат големи организации, да се откупува со мало учество 10 или 20%. Погледајте вие еден модел, јас за тоа зборував и на Комисијата за стопанство, кога една фабрика треба да се откупи која е проценета на стотина милиони долари и 15% од тоа оди на социјалните фондови, 5% нека откупат работниците, тоа е 20%, 80 милиона долара треба капитал кој треба да се откупи, еден кој има или 10, или 20 или 100 од нив тие што имаат 8 милиона ја откупуваат фабриката. Јас мислам дека е недостаток на овој закон што не направи еден модел во некои организации, па да ги видеше последиците. Со 8 милиони тој управувач стекнува и права. Во овие прилики тоа не е правило, но така, колку што е вредноста на една фабрика, за два пати или најмалку за толку се прави и бруто продукт. Вие знаете во стопанството денеска, најмалку 30 до 40% само по основ побарувања една организација побарува. А погледајте колку има суровини, колку резервни делови, колку полупроизводи, колку производи,некаде е сигурно тоа минимум 30 до 40%. Според тоа, 8 0% нека биде тоа исто 8 милиона, тоа е 64 милиона, тој стекнува еден капитал во раце кој може брзо да го уновчи и да ги направи брзо тие пари. И покрај тоа што предлагачот на законот велеше дека со исто право може да се каже дека такви малверзации можат да направат и сегашните стопанственици, јас кажувам не, затоа што нема еден сопственик сега, има многу повеќе. Друго, има управни одбори и така натаму тоа е малку подруг склоп и друга ситуација отколку кога некој влегува со 8 милиона марки. Тоа е мотивиран сега да прави најчудесни потези тие пари да не ги изгуби. Тој е мотивиран пошто пото тие пари што побрзо да ги врати, па отом потом што би правел. Според тоа тој има во раце веќе 6 4 милиона, негови 8 вложени, тоа е 56 милиона долара кој може да ги добие ако е вешт за едно време од година дена или за 6 месеци итн.

X/8.-

И законот предвидува тој после тоа ако не стопанисува како треба да ги изгуби парите. Па секој ќе ги изгуби тие ако заработи нај- малку 7-8 пати од тоа. Тоа е недостатокот на тој дел на законот на што укажавме ние уште во пред - нацртот и затоа предлагачот на Законот понуди надзорни одбори, што не е решение, затоа што ќе го усложни тој закон затоа што се зголемува администрацијата, затоа што ќе се создадат нови бирократски снаги и затоа што во крајна линија колку многу ќе треба надзорни одбори и нема од каде да се изнајдат толку луѓе.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ**: (продолжение)

Ние на Комисијата предложивме да остане овој процент, не да се зголемува, затоа што нема свеж капитал кој може да се уфрли, туку барем до 51% да се обезбедат гаранции, или хипотека на имовини. Тоа значи на куќи, на станови, на дуќани, на земјиште, на се она со што тој потенцијален купувач располага за да сега тој не би бил мотивиран да прави коцкарски потези. Тука треба законодавецот доволно да размисли за да го обезбедиме капиталот, да ги обезбедиме фабриките , индустријата, општествените средства од големи грабежи, од испумпавање, исцедување на тие организации кои на овој начин се приватизираат. Јас се залагам за повеќе модели. Тука беа критикувани одредени модели со право. Некој ги критикуваше и ваучерите, некој ги критикуваше и бесплатните акции. Кога се гледа економски и економски се резонира секој има право во тој поглед. Меѓутоа, кога се гледа можноста за приватизацијата, тогаш ни еден нема право, затоа што ние брзо ќе се сретнеме со проблемот на приватизацијата заради немање на капитал. Што побрзо треба да се изврши таа приватизација во целиот свет , а за тоа зборува дека се применуваат многу методи, многу средства и овие меѓународни финансиски институции, Меѓународен монетарен фонд, Меѓународна банка Европската банка, познати светски универзитети, познати светски економски школи, сите заговараат многу модели, многу форми и техники на приватизација, затоа што таа што побрзо да се обави. Било какво одолговлекување со таа трансформација на капиталот настануваат огромни штети. Такви штети и ние во ваква економска состојба во каква што се најдовме, еден дел е и од тоа што ние го запревме тој процес, можеби тоа не е главниот дел , главни делови има многу други, но една од причините за една ваква состојба особено тие организации кои не претрпеле трансформации, еден дел и

една причина е и тоа што ние не одевме побрзо во овој процес. Од тие причини јас се придружувам кон оние да ние користиме повеќе модели, повеќе техники, за да можеме тоа да го направиме. Инаку во спротивно не можеме да го направиме. Инаку не сум за надзорни органи, тоа само ќе ја успори трансформацијата, ќе ја усложни и ќе направи големи проблеми.

Сакам да кажам нешто околу проценката на имовината. Треба да се ангажираат познати светски куќи, да изработат методологија на проценка на имовината во организациите, некоја која има големо искуство со тоа. Инаку не да се ангажираат специјализирани организации за проценка на тие организации, затоа што тие организации ќе ги опљачкаат тие стопански субјекти, ќе се вклучат многу агенции, ќе се вклучат многу организации, ќе се направат цели агенции. Еве гледате и сега веќе светски агенции како орли се спуштаат откако ќе дознаат дека законот ќе се усвои во Парламентот и ќе има трансформација кои се нудат сега за проценка на имовини. Ќе се направат и големи злоупотреби, а на друг начин и ќе се осиромаши понатаму ова стопанство, имајќи предвид дека тие проценти за таква работа се доста високи и доста големи. Затоа, се залагам да се ангажираат светските куќи и институции со искуство да ја разработат методологијата за проценување, а со проценки да се бават сите организации кои имаат стручни тимови, кои една таква методологија ќе ја прифатат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Милковски.

XI/3.-

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Морам, господа пратеници, да го изразам своето огромно задоволство што овој закон конечно дојде на дневен ред за усвојување. Цврсто сум уверен дека го почнавме првиот чекор, како би ја оствариле единствената желба, а верувам на сите Македонија да ја одлепиме од сиромаштијата која ни се заканува. Со овој чин чекориме кон подобро утре, кон посветла иднина. Му давам поддршка на овој македонски закон, затоа што во основа е развоен. Со тој закон, со целите што ќе се остварат ќе ги направиме луѓето среќни и ќе им овозможиме да живеат подобро и посреќно. Дефинирајќи ја целта и точно одредениот начин да се оствари таа цел што во законот се предвидува, ќе се одбегне можноста за затвораше на претпријатијата, губење на пазарите и појава на голема безработица. Или да бидам јасен само на заков начин извршена приватизација ја постигнува целта кон која што се стремиме. Го поддржувам законот, затоа што, пред се, решението предвидува платена приватизација и се одбегнува црвената приватизација, што во многу земји, впрочем и бргу падна и оттука гласам за концептот кој што поаѓа од принципот што акциите се купуваат. Ја поздравувам и одлуката на Владата содржана во законот, а да ја размени општествената сопственост за долговите кои се направени за да се создаде, пред се, тоа богатство. Го поддржувам овој закон, затоа што со неговото решение е идентификуван доминантниот сопственик во секое претпријатие Тоа практично би значело веднаш на почетокот на трансформацијата да се знае сопственикот и со тоа се спречува разграбување на имотот на претпријатијата карактеристични за вакви процеси и премини од еден во друг тип на сопственост. Го поддржувам законот, затоа што сопствениците на претпријатијата ќе бидат лица, кои ќе вложат сопствени средства, А потребата од оплодување на средствата ќе

доведе до повисоко искористување на расположливите капацитети, а со тоа и задржување на релативно поголема вработеност. Го поддржувам законот, затоа што со значителен дел од средствата остварени со приватизацијата ќе бидат насочени кон решавање на социјалните проблеми, кон отворање на нови работни места, со што би се одбегнала состојбата за зголемување на безработицата. Ете, затоа ќе гласам за ваква предложениот закон, за што во спротивност, го цитирам почитуваниот министер Миљовски, ако не ја почнеме приватизацијата веднаш, сите ќе изгубиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток, само ќе поставам неколку прашања до министерот кој го води Законот за трансформација. Како прво, би го запрашал со каква информација располага за истраженоста на рудните богатства и на постојните лежишта, бидејќи одредени организации побрзаа да се трансформираат во акционерски друштва и за многу ниски смешни суми извршија проценка на капиталот. Тие се организации кои што стопанисуваат со рудни богатства и со минерали. Законот не дава никаква гаранција во таа смисла од трансформацијата. Истото се случи и со организациите кои имаат монополистички систем, а од друга страна пак коопераантите на тие комбинати кои учествуваат со најголем процент во обезбедувањето на суровината, не можат да постанат акционери, а мислам дека и тука законот не го разрешува тој проблем. Потоа, какви се размислувањата на Владата или на Министерството што ја води оваа проблематика за оние организации кои цело време работеле нерентабилно, а за тоа не се

виновни самите работници и какви акционери ќе бидат тие, или пак оние работници кои индиректно учествувале во остварување на општествените добра, а ја немаат таа привилегија да станат акционери. Исто така, тука законот не дава некои решенија, дали Владата има размислувања од овој општествен колач, така би го нарекол, да добие секој или тоа ќе го реши како што се реши со продажбата на општествените станови за багателни цени, а сега истото ќе се случи со деловниот простор. Иако сите беа учесници во изградбата и на општествените станови и ка деловниот простор, исто така индиректно или директно беа на општествените организации.

Би поставил прашање, исто така, како ќе биде извршена трансформацијата во јавните претпријатија, бидејќи одредени комунални претпријатија, како што се погребалните претпријатија се јавија како акционери на покојните души, на нивните вечни и студени домови, дали Владата размислува да изврши трансформација во агрокомплексот, бидејќи и тука законот не нуди никакви решенија и бидејќи има доста одземено обработлива земја на нелегален начин на разни форми од претежно селското население. Исто така, би сакал да поставам прашање дали Владата има целосно согледување во врска со извршената трансформација и вреднувањето на висината на вредноста на претпријатијата, кои беа за баслосовни суми да се изврши, односно ревизија на оние претпријатија кои извршија трансформација. На министерот не му се допаѓа некако, веројатно, го навалила голема дремка, би сакал министерот да ми даде одговор за овие прашања. Исто така, би прашал како можат да се прогласат заштитните организации за акционерски друштва, а од друга страна истите ги користат бенефициите, а вработените претежно таму се со оштетен или физички или психички недостатоци.

XI/6.-

Уште еднаш, повторно ќе потенцирам, господине министре, дали постои или ќе постои можност да се изврши ревизија на оние претпријатија или општествени организации кои што извршија трансформација уште со самиот закон на Марковиќ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Тиме Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, неспорно е дека законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал треба да се донесе, но исто така треба да се каже дека овој закон требаше многу порано да се донесе, а да се стопираат старите закони. Концептот на Владата базира само на платени акции кои што Владата дебело ги брани и вели дека со ова ќе има најдобри резултати. Мое гледање е дека и според одредени сознанија од светски институции и светски стручњаци според искуствата што досега се примани од источните земји и од западот кои се трансформираа одредени организации дека најприменлив ќе биде комбинираниот модел, односно поделба на акции бесплатни на вработените во висина од 30% на сите вработени во стопанството и нестопанството, а другиот дел 15% што предвидува Владата за Фондот за пензионери и другиот дел да се продава. Мислам со ова нема да се наруши воопшто моделот и дека ќе биде најспроведлив. Самиот министер, господинот Јане Миљовски во своето излагање рече дека законот за општествен капитал и законот за лични доходи требаше да се сопре уште во почетокот на 1991 година. Но, тоа не се направи, поради задоволување на интересите на мал број на луѓе го Македонија. Овие закони се применуваат само во Македонија, додека во другите бивши југословенски републики беа сопрени. По

порачка  на таа мала група луѓе беше донесен и коментар на Законот за лични доходи од Сојузната влада односно од Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика, кој овозможи незаконита трансформација. Не можам да го сфатам тоа што се повикува на правен континуитет, а од друга страна и министерот вели дека досегашната трансформација е на незаконит начин спроведена. Затоа, предлагам Владата и сега во овој момент да интервенира во одредени членови каде ја легализира незаконитата трансформација. Потребно е да се каже дека со овие закони се трансформираа најдобрите организации и тоа во висина и до 90%, пред се, тоа се монополските организации, во кои има голема концентрација на капитал, а остварен не само со доброто работење на вработените во овие организации, туку затоа што имаат таква позиција во општеството, односно во стопанството.

Би сакал да напомекам во вакви организации дека од трансформираниот дел на капиталот, секој вработен би имал акции во висина и од 100, 200, па и по 300 илјади марки во некои организации, а при што со овој закон се легализираат. За ова треба о носно зарем ова треба да го дозволиме почитуван министре, почитувани пратеници. А спротивно на ова во трудоинтензивните гранки, кои трансформираат голем број на вработени, кои едвај се одржуваат и остваруваат средства за егзистенција, а и го полнат Републичкиот буџет, затоа што се голем број на вработени, ќе бидат предмет сега со овој закон. Досегашниот Предлог на законот се предвидува купување на акции со попуст од 20% од капиталот на организацијата, односно најмногу 15 илјади германски марки по вработен, а ги легализира интерните акции, при што одредени организации во нив вработените имаат и по вакви суми. Според тоа, може можеби да речеме дека вработените од различни претпријатија се во рамноправна положба, имајќи предвид дека се работи за општествен

капитал, а се знае како се создаваше. Според претходното искажано неспорно се доаѓа до констатација дека досегашната трансформација според законот за општествен капитал и Законот за лични доходи е незаконито спроведено. Затоа предлагам Владата да прифати промена на одредени членови во Предлог-законот што би се искористила односно со што би се исконтролирала досегашната трансформација, при што процентот на досегашната трансформација во поедини организации не може да биде повеќе од 30 посто од вкупниот капитал на организацијата.

Исто така, предлагам да сите граѓани на Република Македонија, кои на денот на стапување во сила на овој закон биле во постојан работен однос или имаат непрекинат работен стаж во траење од 2 години, како и оние земјоделски производители кои се занимавале со производство на тутун најмалку 5 години и притоа имале договор со претпријатијата за откуп врз основа на Законот за тутун да им се доделат бесплатно акции во висина од 30 посто од вкупната проценете вредност на општествениот капитал на Република Македонија.

**ТИМЕ АНДОНОВ:** (продолжение)

Со ова ќе ѕе стават сите вработени во еднаква положба што е гарантирано и со Уставот. Исто така со ова Законот ќе биде многу по справедлив ќе се обезбеди побрзо и поефикасна трансформација. Почитувани пратеници, во Законот се гледа дека предлагачот свесен за опасноста од бавното одвивање на процесот, дури од блокирање од приватизацијата особено на средните и големите претпријатија допушта можност потенцијалните инвеститори да се стекнат управувачки права од средните и големите претпријатија со откупување на 20% односно 10% од проценетата вредност на капиталот респективно. Ваквата привилегија е балансирана со обврска остатокот со 61% од вредноста на капиталот изразен во форма на акции да се купи во рок од 5 години, при што дивидендата би се користела исклучиво за оваа намена. Ова решение беше окарактеризирано како специфичност на нашиот модел кој ќе овозможи ефикасно одвивање на приватизацијата и покрај ограничувањата. За жал оваа определба не може да издржи посериозна критика, а нејзиното оживотворување може да има фатални последици за и онака оштетеното македонско стопанство.

Инвеститорите што се стекнуваат со управувачки права на овој начин се ставаат пред можноста и искушенијата да се однесуваат казарно преминувајќи еден процес кој во теоријата изведен од досегашната практика на приватизација на низа земји во светот се наведува со добавување на средствата. Бизнисмените знаат, а во нашиот случај биле мотивирани и принудени со оглед на предложените решенија да користат различни начини за соборување на средствата. Дури реално да се претпостави можноста да се жртвува првобитниот капитал доколку во рок од 1 до 2години се искористи приликата за остварување високи профити и исисување односно испумпување вредност од претпријатијата која неколкукратно може да ја надмине првобитната вложена сума.

и да биде ваквиот став окарактеризиран како предимензиониран сепак останува фактот дека лицата кој го преземаат управувањето со претпријатијата се по притисок уште во првите години да остваруваат енормни профити ако би можеле да одговорат на преземените обврски. Верувањето дека претпријатијата кои се трансформираат на овој начин ќе бидат високо профитабилни веднаш по нивната сопственичка трансформација е нереално, наивно, невтемелено во науката и практиката и други опасно. Единствено новите вложувања и организационото преструктуирање на нашите претпријатијата е нужно да можат да доведат до зголемување на нивната ефикасност како и до подигнување на економската ефикасност на земјата.

Притиснати од нужноста за остварување на краткорочни финансиски ефекти инвеститорите на овој случај ќе бидат фокусирани на некои краткорочни цели, за нужните вложувања и преструктуирање на претпријатието не може да стане ни збор. За таа цел да се оневозможи таквото нивно однесување предлагам зголемување на процесот на вложените средства од 20 до 40% кај средните претпријатија, а од 10 до 30% кај големите претпријатија за стекнување на право на управувањето во претпријатието.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во оваа прилика јас би се навратил со неколку напомени и би потенцирал неколку карактеристики што се однесуваат комплетно во дел на овој закон, на овој проект. При сопственички односи онакви какви што постојат во нашата Република и онака како што се дефинирани, скоро практично е невозможно да се воспостават макроекономски односи со развојни карактеристики и цели без да се создадат услови за остварување на процесот на трансформацијата, конкретно на општествениот имот односно

општествениот капитал. Но, не само тоа скоро е неможно да се из работи економски модел побрањетата на секој од нас поединечно како размислуваме на база на пазарни критериуми без претходно да се конструира основниот концепт што и пред година дена имавме прилика да го дефинираме што е предмет и на расправа. Значи дефинирањето на сопственичките односи се од големо значење за развој на севкупните економски односи и процеси во општеството.

Со понудениот проект, односно закон не само што се прави обид на општествениот капиталот кои се гарантираат сите видови на сопственост со рамноправен статус што е многу битно со економската реформа. Наведените решенија во Законот гледани во целина како проект ги создава ситеу услови за суспенцирање на сегашната сопственичка структура особено на општествената односно самоуправната сопственост.

Па, и во делот на интер Акционерската сопственост која е спротивна на позитивните законски решенија. Со изедначување на сите видови на сопственост општествената односно самоуправната сопственост практично престанува и не може како таква повеќе да живее. Оттука заради поефикасно користење на капиталот според пазарните законитости со примената на овој проект, односно трансформацијата на општествениот капитал се создаваат следните основи:

1. Се обезбедуваат услови за економска мотивираност,

2. Се создаваат услови и простор за конкуренција и ликвидација на неспособното,

3. Постојниот титулар се заменува со нов титулар, односно нов сопственик,

4. Капиталот кој за сега е анонимен, останува јавен.

XII/4.-

Што значи да без трансформација на сопственоста односно на сопственичката структура невозможно е да се остваруваат високи економски вредности. Ако сето ова на сите нас ние доволно јасно односно немаме ререзвно мислење тогаш не ни останува ништо друго освен да водиме материјална расправа во веќе изработениот концепт и на крајот со изнесените моделитети преку амандмани да го прифатиме предложениот концепт односно законот. ж

Одговорот на прашањето на трансформацијата на општествениот капитал можеме во оваа фаза да го бараме само преку овие понудени решенија, односно концепт кој одамна е дефиниран, во спровинот барањето на нов модел или нов концепт како што беше заговорено на почетокот на оваа говорница ќе ја направи состојбата во Републиката гледана на призмата на економијата, политиката и социјалата, практично хаотично.

Одлагањето на процесот на приватизацијата, односно трансформацијата на општествениот капитал ќе ги предизвика пред се следните позначајни негативности:

1. Знатно ќе се забрза процесот на прелевањето на капиталот од општествени во приватни раце,

2. Степенот на мотивираноста на општествениот сектор ќе се сведе на минимум, без разлика дали е тоа производен или не производен сектор.

3. социјалниот фактор ќе стане значаен политички субјект во решавањето на реконосмата реформа во Републиката,

4. Факторот на време како економска величина ќе ја изгуби целата своја смила и ќе постане практично единка.

Прашањето на приватизацијата на капиталот односно претпријатието во земјите со поразвиена економија, пазарни услови на

стопанисување итн. преставува само едно од мерките за подобрување на функционалноста на економскиот систем. Кај овие економии оваа мерка најчесто се користи како мерка на подобрување на буџетската состојба на државата, како мерка за подобрување или за слабеење или за делување на работничкиот синдикат, како мерка за реализирање и влијание на социјалните групи врз државните институции, органи па и функционери, прибирање на готови пари, а додека кај договорните економии приватизацијата не е мерка во една клучна задача за развој на економските односи и прилагодување на стопанството во пазарниот амбиент.

При сето ова, не треба да се има предвид и треба да се знае дека не постои брза трансформација, бар не таква успешна а јас таква и не познавам барем во таков голем обем по било кој модел, било кој да го предложи или било кој да го избере. Нема универзален модел. Такви примери има многубројни. Денеска можат да се анализираат и примерите на Англија, најновите случаи спомна некој Источна Германија, Унгарија, Словенија итн. Но, не мие намерата да го задржувам вниманието.

Сакам на крајот да потенцирам уште три моменти:

Првиот момент, понудениот модел има по моја оценка што ја имам согледано и направено повеќе погодности и поволности отколку што има негативности.

Второ размислување, поднесените амандмани не претставуваат иако по бројчено се доста затапетни, по суштина многу не ја менува ситуацијата но битна карактеристика е што не обезбедуваат повеќе капитал. Значи, за осиромашуваат вредноста.

Трето, што сакам да го потенцирам, во овој дел, јас би ја исклучил можноста за водење на полемика оттука, но и би го потенцирал следното. Да уделите интерните акти без свежи пари не обезбедуваат финансиски проток, па без разлика кој со какви чувства, емотивни, проодни ќе обезбедува и ќе настојува да се доближи. Ние го избравме моделот оној што е понуден и ако сакаме да најдеме излезни решенија одредени погодности се прифатливи, но не во смисла да се дефинира и да се кажува, уделите, интерните акти без свежи пари, без удел дека можат практично да обезбедат и финансиски проток на капиталот. Тоа е невозможно дека тоа ни науката, ни теоријата, ни праксата досега не го признава тоа решение. Што значи, би заклучил дека основниот модел како дефиниран концепт со решенијата и сето она што се предвидува мислам на страна 18 преку методолошкиот устав, методите и пропратните законски решенија што ќе бидат во функција на овој закон мислам дека ж ги створат сите услови во практичната примена овој закон ги постигна, односно ги оствари развојните цели што се битни за остварување и за промена на структурата на македонското стопанство во целина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас предлагам да престанеме еден момент со работа, а утре да продолжиме во 10 часот, затоа што има доста пријавено и не можеме да продолжиме денес, сепак овде многу исцрпувачки.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот)